СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Седмото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јануари 1994 година

Скопје, јануари 1994 година

**71 (СЕДУМДЕСЕТ И ПРВА) СЕДНИЦА - 7 ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 12.I.1994 год.**

1. АБДИ ФАИК 27, 52
2. АЛИУ ХАМИД 30, 34
3. АЛИУ ЕШТРЕФ 44
4. АРСОВСКИ БРАНКО 45, 87
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 81, 82
6. АРСОВ ДРАГИ 95, 99, 103
7. АНДОВСКИ ГОЦЕ 100
8. БОШКОВЈОРДАН 11
9. ГОШЕВ ПЕТАР 18
10. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 74, 76
11. ГОРЧЕВСКИ БОРКО 34
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР 36
13. ИВАНОВ ИВАН 59, 64
14. КИРКОВ ТАШКО 57, 72, 79
15. МИЦЕВСКИ ДЕАЈАН 21, 25
16. МЛАДЕНОВ ВАНЧО 62
17. НИКОЛОВСКИ ДУШКО 42
18. ПОПОВСКИ КИРО (ја води седницата)
19. ПРЕВАЛА ШАБАН 1, 91, 92
20. ПЕТРОВ ТОДОР 66, 68, 69, 94
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 26, 89
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 53
23. СПИРОВСКИ АЦО 70
24. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 76, 83, 84, 86
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 38
26. ТОДОРОВА СОФИЈА 47, 50, 54, 64, 70, 73, 82, 91
27. ХАЛИЛИ МУХАМЕД 93
28. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР 15, 17
29. ШАЌИРИ ХИСНИ 40, 42, 77, 79

Т.27-ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СТОПАНСКИ НЕ ДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

К Р А Ј на седницата!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од седмото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 12 јануари 1994 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Киро Поповски, потпретседател на Собранието на РМ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратениците Митко Анастасовски, Џулистана Марковска,Стојан Андов и Благоја Чкатроски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на 27-та точка - Предлог на закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, на почетокот дозволете ми да потсетам и констатирам дека за оваа проблематика, во текот на нашиот мандат, расправавме три пати. Еднаш расправавме за

концептот за регионалниот развој и за побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја. Стана збор за расправа што заврши само на ниво на соодветните комисии, на Комиси- јата за економска политика и развој и се надевам на Комисијата за стопанство. Потоа расправавме по повод Законот за развој на недоволно развиените подрачја, расправавме во фазата кога се понуди како предлог за донесување на закон за побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја , и ете сега расправаме за Предлог- законот за поттикнување на стопански недоволно развиените подрачја во нашата Република.

Регионалниот развој и побрзиот развој или поттикнувањето на развојот на стопански недоволно развиените подрачја би потсетил дека претставува дел од општиот или вкупниот развој односно дел на остварувањето на макроекономската политика, па својствено на тоа би рекол и на стабилизационата политика што е услов и за успешното остварување на вкупната економска политика на една земја.

Затоа, би рекол дека предложениот закон на денешната седница треба да се донесе, иако можеби и во оваа фаза тој има одредени празнини или пак претставува нов модел или нов пристап кон остварувањето на оваа политика во нашата Република. Ова дотолку повеќе што ние веќе сме сведоци дека им истече важноста на трите закони со кои се регулираше оваа материја во изминатиот период и сега се наоѓаме во еден вакуум и донесувањето на ваквиот закон, Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја ќе значи остварување континуитет во остварувањето на ваквата политика во нашата Република.

Проектот на овој закон беше поддржан би рекол од сите комисии, а особено од Комисијата за економска политика и развој. Иако имаше дилеми околу тоа дали е погоден вистинскиот модел што треба да се оствари на овој план, токму поради тоа немаше конкретни амандмани кон одредени членови, меѓу другото и поради фактот што ние мораме да обезбедиме континуитет во покривањето на оваа проблематика кај нас. Но, бидејќи се согласив дека овој закон треба да се донесе, мислам дека треба да биде повод и прилика некој од нас да каже нешто одредено за она што ќе ни остане како концепт да го оствариме во наредниот период. Можеби тоа треба да биде повод во некоја прилика истиот да се надогради, се со цел на крајот на краиштата да се оствари она што е желба на граѓаните на РМ. Ова дотолку повеќе што зависно од моделот што ќе се прифати и што ќе се понуди , на крајот на краиштата и резултатите ќе бидат такви. Мислам дека заслужува поддршка, и во оваа прилика треба да се истакне дека добро е што во услови кога ние сме определени за пазарна економија не се откажуваме од политиката за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја, или за поттикнуваше на развојот на овие подрачја, дотолку повеќе што и со право се истакнува во самото•образложение кон овој закон што во вакви услови може да се продлабочат уште повеќе разликите меѓу недоволно развиените и развиените делови на нашата Република. А нашата цел е тие разлики колку е можно да се ублажат и намалат со цел како Република да одиме напред.

Мислам дека значењето на овој закон е дотолку поголемо што тој има би рекол економско - социјално значење, поради карактерот мерките и средствата наменети за остварувањето на политиката на побрзиот

развој претставува би рекол и своевиден коректив на примарната распределба. Тој коректив секако доаѓаше до поголем израз кога бевме во поранешна СФРЈ. Меѓутоа, бидејќи примарната распределба се остварува и на помали региони и подрачја, како што е нашата Република, неспорен е фактот дека имаме и одредено пентрирање и прелевање на доходот преку механизмот на цените од понеразвиените кон поразвиените подрачја, од аграрните кон индустриските подрачја итн. Затоа велам дека овој закон -е дотолку позначаен што неговото остварување претставува своевиден коректив во примарната распределба, а би додал дека има и меѓунационална димензија затоа што остварувајќи се овој концепт на некој начин решаваме проблеми што се специфични за нашата Република како повеќенационална, повеќе културна, повеќе професионална итн., дотолку повеќе што ете заради стекот на околностите, токму во недоволно развиените подрачја грото на националностите, особено на албанското население е сместено. Веројатно тоа е прилика да речеме и сега афирмативно , и новиот Устав на Република Македонија не случајно во членот 57 ја санкционира оваа проблематика, со тоа што државата зема обврска, се грижи за регионалниот развој и побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Меѓутоа, кога веќе реков дека на одреден начин претставува одредена промена во однос на досегашниот концепт за реализирање на оваа политика, ќе речам дека тоа паѓа во очи и од самиот назив на законот. И досега ние имавме закон, дури и институција согласно тој закон, фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, а сега имаме само закон за поттикнување на развојот и тоа во услови кога велиме дека оваа политика треба да се оствари во пазарни услови на стопанисување. И не само тоа, има и други

моменти што на некој начин овој концепт го прават малку поинаков од досегашниот. Искрено да кажам, очекував ако не сега, тогаш барем со нашата визија ќе понудиме решение што ќе значи чекор напред во поглед на афирмирањето и остварувањето на политиката на побрзиот развој и преку соодветната институција. Очекував да кажеме ние во поскорешна иднина да разговараме за некоја банка за регионален развој. Значи, пласманите што се дадени за оваа цел за развој на недоволно развиените подрачја и средствата што ќе се обезбедат за оваа цел да бидат концептрирани и пласирани преку една специјализирана банка, банка за регионален развој и на тој начин да се вклопиме во пазарниот начин на стопанисување и со една ваква политика. Веројатно тоа останува за подруги времиња, но во секој случај како идеа мислам дека треба да ја имаме доколку сакаме и во пазарни услови да остваруваме политика на регионален побрз развој и политика што ќе значи мотивирање и на инвеститори и на корисници на средства за вакви цели за постигнување подобри ефекти во своето работење.

Инаку, во текстот на законот сите забележавме дека станува збор за потпомагање на инвеститорите што инвестираат во овие подрачја, вложувања во инфраструктура како во недоволно неразвиените подрачја, така и во специфичните подрачја, потоа давањето средства без обврска на враќање. Сега паѓа во очи дека кредитната компонента ја нема, значи преку остварувањето на оваа политика. Сигурно таа ќе ја има преку банкарските кредити, неспорно, меѓутоа, овие средства ќе се даваат така како што е предвидено со законот.

Оттука, мислам дека неминовно доаѓа заклучокот дека како да станува збор за делење на средства, нешто од кое не бевме имуни дури и во услови кога постоеше фонд за кредитирање на побрзиот развој на овие подрачја, па велам дефинитивно како да се определуваме токму за тоа да делиме средства, се разбира за потпомагање на развојот на стопански недоволно развиените подрачја. Меѓутоа, факт е дека функција ќе се сведе на тоа , што мислам дека значи малку отстапување од она што би било карактер и функција во пазарни услови на стопанисување. И не само тоа. Кон овие констатации мене ме тера на размислување и определбата носител на оваа функција да биде соодветна агенција при Министерството за развој. Меѓутоа, за чудо, агенција со статус на правно лице, но без управен орган, што мислам дека е своевиден нонсенс. За тоа можеби се и размислувањата работата на таа агенција дека ќе се сведе на делење на средства, посебно што доаѓаат до израз размислувањата колку е тоа спојливо, сега поттикнување на овој развој во пазарни услови, а преку административен орган во случајот преку Министерството за развој.

Во поглед на критериумите за категоризирање на подрачјата како недоволно развиени, јас мислам дека е добро што се задржани постојните три критериуми што ги имавме и досега и добро е што е земен период од 10 години затоа што навистина изминатите години за нас беша доста карактеристични по доста големите флексибилности. Верувам дека 10-годишниот период ќе даде појасна слика за тоа кое подрачје и која општина на какво ниво на развојот се наоѓа, па оттука и категоризирањето и ставањето во клубот на недоволно развиените.

Меѓутоа, ми паѓа во очи во врска со првиот критериум - општествен производ по глава на жител, сега, за разлика од досега е корегиран со критериумот густина на населението. Веројатно тука се мисли да се фаворизираат подрачја кои биле подлежни на миграција, односно имаат помал број жители. Другите два критериуми остануваат и јас би рекол дека добро е што остануваат, затоа што тие два критериуми го корегираат првиот критериум и во секој случај ќе значат можност за синтетизирано определување на тоа кои подрачја треба да имаат карактер на неразвиени во наредните пет години. Меѓутоа, кога сум кај ова прашање, значи населението како компонента што влијае врз развојот, јас мислам ако не сега во иднина мораме да размислиме, да оцениме дали мора да се поттикнува само помалку населено подрачје или пак да се води сметка и за тие што се повеќе населени, но кои се карактеристични по големиот број на население што своето вработување го бара надвор од Македонија, население кое е повеќе ангажирано во земјоделскиот сектор и во занаетчиството, каде што поради карактерот на дејностите, особено на земјоделството каде со примена на современи агротехнички мерки се јавува еден привиден вишок на работна сила, а кој латентно се јавува во земјоделството, но постои како недоволно ангажиран. Сега се поставува прашањето дали овој критериум е доволно корегиран или правилно корегиран вака ка<ко што е корегиран со густината на населението. Ова дотолку повеќе што доста и во теоријата и во практиката се манипулира со еден факт дека токму подрачјата со поголем степен на наталитет , кај нив се девалвираат резултатите од примената на посебни мерки за развој. Меѓутоа, јас мислам дека тука се заборава на еден мошне релевантен факт, дека работите треба да се гледаат каузално, после причините и последиците. Ние ги гледаме

последиците, значи големиот број, делењето на богатството со поголемиот број, меѓутоа, не навлегуваме во причините што доведуваат до тоа. А причините се разнолични и мошне важни. Тие се:

Прво и прво, токму во овие подрачја ние имаме помал степен на вработеност од една страна, а тоа може да се види и да се провери од статистичките податоци, потоа помал опфат на младите генерации во системот на образованието, особено на женската сила , односно на младите од женскиот пол, и токму поради тоа , порано стапување во брак и по долгиот период на фертилитет и оттука поголемиот прираст на населението.

Токму поради тоа сакам да потсетам дека ние мораме работите да ги гледаме во својата каузална смисла. Значи, да се види и што доведува до такви резултати, до такви движења што ги девалвираат резултатите од мерките што ги применуваме. Не треба да преминеме" преку тоа , затоа што утре тоа може да се врати како бумеранг. А оваа политика, политиката на побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја мора да води сметка и за таа компонента, доколку сакаме резултатите да ни бидат целосни и дури во овој контекст, ако не сега во иднина кога ќе бидеме во подобра состојба со средства, кога ќе бидеме повеќе потпомогнати од надвор, ние мораме да размислиме и таканаречени демографски инвестиции, наменски инвестиции за да влијаеме врз поинакви движења во овие подрачја.

Јас би сакал , колеги пратеници, збор два да кажам и за Скопје како збир на повеќе општини. Скопје овде е земено како едно подрачје и нема посебен третман во законот. Меѓутоа, факт е дека токму во Скопје ние

имаме и недоволно развиени општини, а би рекол и компактно неразвиени подрачја. Еве, нека се земе општината Карпош како посебна општина, Чаир, Гази Баба итн. Факт е дека е оставено таа грижа да ја води Градот Скопје, меѓутоа, за жал досега Скопје како град не водело доволно грижа за поттикнување на побрзио1 развој на неговите делови. Затоа, денес се соочуваме со проблем на патишта, пристапни патишта до одредени населби. Земете ги селата од Скопска Црна Гора, Љуботен, Бреза, или имаме села да кажеме со недоволен напон за осветлување. Земете го селото Арачиново, кое има 7-8 илјади жители. Луѓето немаат доволно осветление, заради тоа што во меѓувреме ништо не е вложено со оглед на бројот на населението на куќите на тоа село, а се наоѓа на дофат на Скопје.

Затоа, мислам дека во натамошното градеше на овој систем на поттикнување на развојот ние мораме повеќе да навлеземе и во наоѓање решенија за таканаречените супериорни.

Јас морам да кажам во оваа прилика дека токму поради фактот што со овој модел што се нуди поголемо внимание се полага на потпомагањето, на решавање на проблеми од инфраструктурата, значи водовод, канализација итн. , мораме да мислиме дека некои утре дури и ќе манипулира со ваквиот модел и со концентрацијата, со носителот на политиката на побрз развој. Веројатно за тоа ќе стане збор кога ќе се наближат изборите и ништо чудно дека некој со право ќе рече - еве видете , се манипулира дури со овие средства, се ветуваат решенија се со цел да се приберат гласови. Јас би рекол дека токму поради тоа, она што колегата Петров го нуди како амандман на овој закон, ако се прифати дел од неговите амандмани тоа ќе значи еден вид подобрување на моделот на законот и мислам дека ќе заслужуваат поголемо внимание самиот проект и ќе ветува би рекол подоследоо остварување на политиката на побрзиот развој.

II/1 ДВ/ЛБ

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** продолжение

Меѓутоа како и да е, дури и овој концепт ако се усвои како што е предложен, јас сум за тоа да се усвои затоа што немаме време за негово доизградуваше, да поразмислиме уште денес кој да биде носител на оваа политика. Дали да се согласиме носител да биде Агенцијата за развој при Министерството или пак институција што ќе биде самостојна, надпартиска и наднационална.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Уште веднаш да кажам дека ќе гласам за: овој закон иако имам сериозни забелешки по Предлогот за донесување на овој закон затоа што со онаа корекција што е направена во основниот критериум за општествениот производ корегиран со промената на густината на населението во многу се објективизираат практично реалните критериуми и оценки за состојбата на развиеност на одредени подрачја и региони. Поаѓајќи од тие причини мислам дека е овој закон прифатлив за мене мислам дека е добро научно фундиран а и концепциски спроведен. Меѓутоа колку што можам да разберам од член 8 најголем дел од селата, скоро 29 веќе добиваат третман на ридско планински подрачја, а 7 села добиваат села добиваат третман на погранични подрачја. Состојбата е сосема реална.

Меѓутоа, поставувам едно прашање и би го молел министерот да ми одговори на прашањето затоа што не еднаш туку во повеќе наврати имам поставено прашаше за селото Љубојно кое навистина ги исполнува сите услови да има третман на ридско планинско и погранично подрачје, затоа што ниту бонитетот на земјиштето ниту демографската структура, ниту стопанската активност е таква да нема точно таков третман, а јас мислам навистина тоа село треба да има таков третман.

II/2

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господинот Јордан Бошков бара процедурално прашање.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине преседавач сакам јас да го обрнам вашето внимание на таа околност што денес по втор пат слушам, вчера беше прcredit пат, вие не се оградивте, иако колешката Доста Димовска ви посочи на тоа дека Македонија е повеќенационална држава. Овде седат пратеници и од опозицијата и тие овозможуваат на конструктивен начин да тече седницата. По нашиот устав РМ е држава на македонскиот народ а не повеќе национална. Она има националности, тука не спориме и би сакале како опозиција да се запазува уставниот поредок , па и во настапите тука во Парламентот. Јас интервенирам деловнички. Нема да водам расправа околу законот.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници на почетокот сакам да го искажам своето задоволство што во претходните фази кога се расправаше по овој Предлог на закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја во нашата држава изнесовме низа сугестии и забелешки и задоволство е во тоа што скоро сите мои забелешки и сугестии кои беа дадени во дефинитивниот текст на законот се прифатени. Оттука во оваа фаза давам целосна поддршка за донесување на овој закон.

Меѓутоа, сакам да ја искористам оваа прилика и да кажам дека навистина основна карактеристика на овој закон останува е во тоа дека тој се заснива на принципот на солидарност и социјален принцип бидејќи токму се однесува и на некои подрачја кои со својот развој се многу позаостанати од другите подрачја на нашата држава. Токму од таа

причина имаат и посериозни забелешки бидејќи во изминатиот период имавме одреден дел на подрачја поточно речено општини кои перманентно се третираа во развиените општини меѓутоа навистина не требаше да го носат тој епитет. Меѓутоа бидејќи овде во членот 2 каде се кажани кои подрачја се третираат со понизок степен на развиеност, тука е тоа што влегуваат општините влезени се и специфичните подрачја. Тоа е позитивно а тоа е практично и основната конпонентна со која давам целосна поддршка бидејќи ако останеше така само како неразвиени подрачја требаше да се третираат само општините, во тој случај по моја оценка ќе беше неприфатлив тој закон бидејќи имаме поголем број на општини кои според податоците што се дадени овде и во самиот закон малку ќе ги коментирам па можете да заклучите дека и одредени општини навистина влегуваат во степенот на развиените а не треба да го носат тој епитет. Но бидејќи законот прифаќа да се третираат и посебни специфични подрачја во рамките на тие подрачја и во рамките на државата, од тој аспект велам дека тој закон за мене е прифатлив.

Бидејќи сакам да зборувам конкретно за општина Струмица која од секогаш се третирала како развиена општина, меѓутоа со самото тоа таа општина има претрпено доста штети и неправилности бидејќи во целиот период била во функција да издвојува средства, а многу малку била во функција да користи дел од тие средства заради по- добруваше на сопствениот развој на општината.

Струмица се третира како развиена општина меѓутоа морам да кажам, на вас ви е познато се работи за едно земјоделско подрачје каде најголемиот дел од жителите покрај тоа што има приближно 21 илјада вработени од некаде преку 100 илјади жители, меѓутоа бројот на вработените е претежно во ниско продуктивните дејности, пред се текстилната индустрија, каде и доходот и стандардот се на едно ниско ниво, додека другиот поголемиот дел се занимавам исклучиво со земјоделие. Чудно е да може одреден земјоделски крај цело време да

биде третиран во развиените подрачја. Тоа исклучиво што на некој начин математички произлегуваше дека општествениот производ на општина Струмица имаше некое повисоко ниво, многу малку повисоко од тоа што го има во другите општини каде се многу повеќе присутни од другите дејности кои се по профитабилни и многу поголем доход може да се создаде со помал број на вработени и со помалку вложени средства. Така да и од самата табела можеме да видиме дека општествениот производ по жител во општина Струмица изнесува 82,3% додека споредено со сите други општини во општините кои се развиени е еден од нај ниските или да не речам најнизок исклучувајќи ја општина Куманово каде тој е 76,0%, а да не ги цитирам другите каде се изнад 100, 136, 135 итн. во рангот на сите други општини кои се ставени во рангот на развиените општини.

Во критериумот на степенот на вработеноста како што реков исто така Струмица во редот на сите тие општини, пак со исклучок на Куманово, Куманово и Струмица некако се идентични во тој поглед е 76,3% додека кај другите општини скоро кај сите е изнад 100, 123, 154 итн. да не ги цитирам ги имате сите пред вас. Така да и овде е некаде на границата, само за 1,3% го надминува лимитот за да може да биде третирана во развиените општини.

Кај активните основни средства по жител тоа што го реков дека имаме одредена индустрија која нема големи средства бидејќи реков тоа се пред се текстилната индустрија и трговијата и сите други кои за работа користат многу мал дел на опрема и средства, па по овој критериум практично и Струмица спаѓа во не- развиените општини бидејќи е испод 75% односно 48,4%. Значи на едно најниско ниво, за разлика и од многу поголем број општини кои се третираат во неразвиени а имаат многу поголем дел на основни средства по жител. Тоа покажува дека граѓаните на општина Струмица претежно својата

егзистенција ја овозможуваат со сопствен труд, со сопствени средства и со многу низок степен на развој и на индустриската обработка и на земјоделската обработка. Оттука се залагам и давам поддршка на овој закон што во законот се третираат и специфични подрачја а кои на територија на општина Струмица ги има, поготово спрема граничниот појас со Република Бугарија каде имаме одредени подрачја кои заради нивната неразвиеност практично останаа празни, се иселија жителите таму, заради неможноста да се дадат одредени услови за егзистенција на тие подрачја. За тоа и сите граѓани од општина Струмица ќе дадат свој придонес по принципот на солидарност и социјалната поддршка за да можат тие подрачја во општина Струмица на некој начин да добијат третман според 2 критериум за специфични подрачја и да можат да бидат третирани во учеството на распределба на овие средства за подобрување на инфраструктурата пред се, обезбедувањето на патишта, телефонски врски, електрична енергија итн. за да може да се создадат услови тие подрачја и понатаму да не бидат ставени во услови да бидат напуштани и да бидат оставени празни. Оттука и поддршката која сакав да ја искажам и во досегашните фази а и во оваа завршна фаза за донесување на овој закон, а верувам дека неговата примена ќе даде придонес и граѓаните од општина Струмица за кои велам до сега беа цело време во услови да издвојуваат средства за развој на неразвиените подрачја а да не бидат корисници на тие средства Со овој закон и со овие критериуми кои се вградени во овој закон се создадени услови таа да може да поврати еден дел од тие средства за да може да ги подобри условите на одредени подрачја на својата територија.

II/6

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, поддржувајќи го донесувањето на законот за поттикнување на развој на недоволно развиените подрачја како пратеник од неразвиена општина сакам да го потенцирам следното.

Иако во претходната моја дискусија во преднацртот некои работи ги кажав, меѓутоа должен сум сега пак да повторам дека имајќи го предвид критериумот од наведените тогаш три години за тоа дали една општина ќе биде во развиени или неразвиени со корекцијата од 10 години и давање статус како специфични подрачја на општините како што е Крива Паланка, а тоа се пред се ридско планински и погранични општини мислам дека е сосема правилно не само спрема мојата општина туку и спрема други општини што ние скоро преку 80% имаме третман како неразвиена општина односно право да користиме средства кои се намемени за оваа намена.

Мислам дека овој закон кој е работен од соодветна стручна структура на најсоодветен начин го регулира статусот и начинот на општините како и на кој начин да стартуваат во користењето на средствата е сосема на место. Мислам имаше и амандман кој на некој начин сакаше критериумот поттикнување на некој начин да ги стави како неповолен. Мислам дека се сосема исправно затоа што и Министерството за развој мислело дека тие средства не се доволни за една општина или за било каков стопански или нестопански објект да се прави. Меѓутоа тоа се средства кои на некој начин ќе прават обврска на општините они, било тоа од средствата од стопанството, од општината итн., кои се наменети за широка репродукција со нивно ангажирање и со делумно ангажирање на банкарски средства итн. заокружат една програма и на тој начин и они, најверојатно со 40% во купување на таа маса ќе учествуваат во градењето на објекти кои се приоритетни за општината.

II/7

Јас не можам а да не кажам дека досега постојниот фонд за развој иако мојата општина е некаде предпоследна во однос на користење на овие средства, меѓутоа една е вистина, бројни посебно инфраструктурни објекти се направија токму благодарејќи на тие средства. Имајќи ја предвид состојбата, сега од 0,30% средствата се зголемуваат на 1%, кажува дека навистина политиката на Владата односно ресорното Министерство за развој се определува за една политика каде покрај социјалниот третман го има и правилното третирање на развој на овие општини кои се третираат како специфично неразвиени подрачја . Мислам дека не е ништо погрешно кажано ако кажам конкретно еве мојата општина, поврзувањето на некој начин со државата и добивање на соодветна помош и стимулација за развој е само преку оваа институција која најверојатно сега преку агенција и преку акумулирање на поголем број средства преку една поригорозна контрола ќе има можности најрационално да ги користи овие средства и тие да одат таму каде што е најголемата потреба за нив.

И претходните дискутанти кажаа дека работењето во услови на пазарно стопанисување одделни претпријатија како во мојата така и во другите општини ги доведуваат во неможност да вршат било какви издвојувања за вакви објекти, меѓутоа потребите се неопходни. Еве ако земеме пример мојата општина и друга општина , од порано се слушаше за други инфраструктурни објекти почнувајќи од спортски објекти да не кажам училишта итн. се така да речам неопходни, а вакумот кој се создаде со укинување на старите закони со новиот закон и со зголемениот број на средствата далеку ќе се повеќе зголеми.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Ова е една од причините. Второ, ако земеме предвид конкретно е Крива Паланка која е со погранични делови према Република Србија, определен број на села и кој биле пазарно за нормална егзистенција ориентирани кон поголемите подрачја на Србија што се територијално и поблиски, од една страна ако правиле лимит со поставување на граници, присуство на УНПРОФОР-ски сили, ние мора на некој начин да мислиме за подобрување на инфраструктурата, затоа што и нивниот приод до таму и нивните тешко створени патишта почнаа да се руинира; па мислам дека и од тој аспект треба да се има предвид и на тој план да се прави заложба, веројатно со барање помош и од другите страни, на тие луѓе да им доскочиме со помош и тие навистина да ја осетат новата држава со вложување на напори за развој на инфраструктурата.

Критериумот за помагање и вклучување во неразвиени како еден од меѓу другите услови е и миграцијата што е сосема исправно затоа што мојата општина е една од општините каде што во после воениот период миграцијата била најизразена, сега слободно можам да кажам дека во овие неколку години има тенденција кон повторно оживување на селото што е проследено со развој на инфраструктурата. Така ние сега веќе имаме не процес на изразена миграција, туку имаѓ процес на постепено поголемо враќање на луѓето од поголемите центри кон селото. Тоа е нешто што треба сите нас да не радува и токму поради тие причини би требало да го поддржиме овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Трајан Мицевски.

III/2

Бидејќи моментално пратеникот Мицевски не е во салата, има збор г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, би рекол само неколку реченици бидејќи имавме поопширна расправа по Нацртот и предлогот за донесување на законот. Јас и тогаш реков дека во основа предложениот закон задоволува и дека лично го поддржувам. Истото мислење го имам и сега бидејќи има дури и некои подобрувања во однос на претходниот текст. Само имам 2-3 забелешки што сакам да ги потенцирам и овој пат. Едната е во врска со членот 5, каде што се дадени показателите за утврдување на степенот на економската развиеност. Предлагачот останува на оние показатели кои што ги имаше во претходниот текст и покрај тоа што имаше и некои други забелешки. Јас изнесова забелешка дека показателот набавна вредност на активните основни средства по жител, без или со вредноста на овие или оние е несоодветен показател, дека е показателот на реалсоцијалистичкиот арсенал вреднување на економското ниво на развиеност и дека содржи елементи на идеолошки пристап, покрај оние дефиниции за развојот кој што постоеја во системот кој што беше во доскороешниот период односно оној што вака интензивно сакаме да го напуштиме. И мислам дека е штета што предлагачот се определил да го задржи овој показател бидејќи тој ништо не покажува. Развиеноста се мери низ показатели низ кои може навистина да се почувствува а да не се претпоставува расзвиеноста, низ она што е резултат на стопанската активност, на факторите на производството, а не низ некакви точни или неточни имагинарни големини на физички средства, како што всушност претставува

показателот набавна вредност. Не знам дали можело и не можело да се најде некој друг, трет ако се инсистира на трет показател, меѓутоа има многу истражувања, многу аналитичари многу научни работници кои што не се задржуваат на два или три а кои можат да приложат и други стотина показатели, претпоставува дека можело да се најде трет показател и да не остане овој показател овој што е даден овде. Тоа мислам е една мала забелешка односно црна дамка во овој, инаку во основа позитивен чист концепт на закон, кој што го нуди и Владата преку Министерството за развој. Но, ако инсистира предлагачот да им остане тој показател, нека им остане и заради тој показател немам намера да не го поддржам законот во целина. Но добро е, можеби уште малку да се потруди во еден чист концепт кој застанува за чисти економски основи да се вградува еден сепак помалку идеолошки показател. Тоа е едната забелешка на која сакав уште еднаш да укажам.

Втората забелешка е во врска со членот 13 каде што ги набележува намените на средствата што треба да се соберат и употребат во поттикнувањето на побрзиот развој, на помалку развиените подрачја. Имам сугестија во врска со редоследот, ако дадениот редослед на намените нешто значи, во овој случај, можно е утре во примената некои и да се повика на тој редослед, на значењето на употребата на средствата што ќе се соберат за таа намена. Првата намена е - неповратно учество при вложување во стопанската инфраструктура. Втората е - регрес на дел од каматите по користени кредити, третата е - учество во крајниот влог во финансирање на одделни инвестициони проекти, четвртата е - премии за отворање нови производствени работни места и т.н. да не ги читам сите што се овде дадени. Јас би сугерирал да се изврши извесно прегрупирање и прва намена да биде премии за

отвораше нови производствени работни места, ако од тоа се чита, потоа и некакво поголемо насочување на средствата кој што ќе се собираат, од едноставна причина затоа што белким веќе се уверивме дека без отворање на нови работни места, нема развој и дека отворањето на нови работни места е показател кој што покажува одење кон развојот, а ни еден друг показател толку не покажува отколку отворањето на нови работни места, дека економијата се движи, дека нешто позитивно се случува. Ако тој редослед нешто значи, потоа ова учество во крајниот влог и јас го разбирам дека е многу важно во инфраструктурата и не треба да се занемари. Меѓутоа, во тие три намени би ги гледал напорите, и главниот напор на Владата во трошењето на тие средства само со малку поинаков редослед, реков, ако ова значи нешто како што дадено овде.

И би сугерирал уште една можеби алинеја овде, да се вклучи уште една намена, а тоа е да се вклучи - учество на овој фонд," на овие пари во трошоците за дислокација на одделни капацитети од поразвиените подрачја во малку развиените подрачја. Иако можеби ние немаме ниту едно подрачје толку прекапацирано како што имаат некои други развиени земји, недоволната развиеност или ниската развиеност е присутна и во скопскиот базен и секаде, но сепак една ваква намена може да биде корисна, ако некое претпријатие сака да дислоцира некој свој капацитет во помалку развиено подрачје, тогаш да се вклучат и средства* што би му ги покриле трошоците или дел од трошоците за таква дислокација на таков капацитет во помалку развиено подрачје.

Еве тоа беа моите забелешки.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателсво, почитувани пратеници, дами и господа, јас не би имал многу нешто што да речам околу донесувањето на овој закон затоа што претходните дискутанти во своите излагања изнесоа за потребите за развој на недоволно развиените ридско-планински подрачја. Ние многу пати смее дискутирале и сме донесувале и препораки, меѓутоа тие работи мене ми изгледаат дека само донесуваме како прерано заклучоци на конференциите на Социјалистичкиот сојуз, ова ќе направиме, тоа ќе направиме, не е доволно да донесеме закон или препорака, туку е доволно да преминеме на реализација толку колку што имаме. Не велам дека денеска или утре да цветаат тие краишта туку да не кажуваме приказни преку конференции туку да минеме на дела со оние расположливи средства што имаме и да се отпочне со работа. Дури тогаш можеме да сметаме дека вистински сме ја сфатиле задачата што ни е доверена да ја извршуваме, покрај сите други и во овие недоволно ридско - планински подрачја. Многу дискутанти се заложија што според мене е оправдано зашто како пратеници мораше да изнесат некои работи што ги тиштат нивните недоволно развиени краишта како што е Крива Паланка, Струмица и др. зашто сметам дека така и требало да се истапува. Потоа, колку ќе имаме ние и колку ќе распределиме, каде ќе дадеме, тоа ќе биде сосема друга расправа.

Со донесувањето на овој закон се укинува фондот за побрз развој на недоволно развиените подрачја. Што е сега овој маневар како што

мене овде ми изгледа што е сега формираме Агенција? Зошто ја формираме таа Агенција. Дали сега ќе расправаме за тие недоволно развиени подрачја, односно дали нив ќе ги распродаваме зашто формиравме агенција за друго. За мене не е битно кое име ќе го носи дали ќе се вика фонд или агенција или нешто друго, туку за мене е важно таа ја извршува работата со оние средства што ги има на располагаше и дали некаде создаде па да каже во тоа Мариово финансираме тоа и тоа и почнува развојот на тој крај. Ние што правиме Не оди работата, формираме агенција. Не оди работата формираме фонд, формираме нешто трето. Зошто на пример формираме агенција. Ако е таа нерентабилна и ако немала таа нека оди под стечај. Ако е фабрика веднаш ја ставаме под стечај со толку илјади работници, затоа што не била рентабилна. Значи таа фабриката може да оди под стечај со толку работници, а овие дека се службен апарат на некое министерство или Владата тие не можат да одат под стечај и кај нив треба да го смениме името да не бидат фонд туку агенција и да останат тие луѓе понатаму пак на таа функција. А колку ќе ги развиеме тие краишта ќе прашаме после откако ќе ја свршиме работата.

Агенција како што беше спомнато во дискусијата, се согласувам ама не со управа туку само администрација. Со тоа значи се потврдува она што го реков досега, значи ја формираме заради материјална база нивна и во неа сигурно ќе биде поголем отколку што е во фондот и средствата што ќе ги издвојуваме наместо еден определен процент од буџетот да одат за развој, мене ми се чини не знам колку ќе бидат за развој на други краишта неразвиени. Ако е добра таа агенција, во ред, меѓутоа не се согласувам да се прави демагогија дека на партиска или непартиска агенција. Кого и зошто ќе лажеме? Кој е тој определен или

неопределен. Кој е тој човек што вели сум непартиски определен и ние ќе ги ставиме тие да бидат во таа агенција. Беше тој на гласање? Дали ќе оди сега на гласање? Или од каде е тој непартиски определен? Тој сега треба да си оди дома да не го интересира ништо. Да не оди во ни една партија на состанок, на ни една партија на гласаше, да си ја гледа писалката да си пишува таму во службата, тогаш се согласувам така. Нека се каже кој беше тој што вели дека не сум партиски определен никаде. И затоа за мене тоа е ај да не речам демагогија, можда е и демагогија, ама работата дека не треба никогаш со такви работи да се служиме и да ги затвораме очите на граѓанството оти јас сум светец како што ја пееше оној песната што ќе ни прати оној владици од Грција - во лице светци а во срце волци. Ете тоа е таквата работа.

Понатаму, јас не знам бре овие министерства што работат? Имаме министерство за земјоделие Министерство за стопанство,4 Министерство за развој и сега Агенција за развој. Што ќе работат сите овие луѓе и толку што ќе прават. Дали ова Министерство за развој толку не знае да ја сврши работата па сега треба да му формираме агенција и таа да ја спроведува таа. И зошто, јас не знам, кај го гледаат спасот сите овие наши Влада и Парламент и сите дека сега треба да има агенција. Тогаш што ќе прави Министерството за развој, Министерството за стопанство, а што ќе работи Министерството за земјоделие. Наместо ние да заштедуваме да одиме пред се кон тој развој, и да ги даваме таму средствата, ние ќе ги делиме овде онде, по банкети, по седенки еве како што продолжуваме и сега, сите празници новогодишни поминаа, банкети се направија, ние сега пак ќе почнеме со такви банкети, а велиме дека ќе

развиваме ридско- планински неразвиени подрачја. Зашто ги лажеме луѓето? Таму ќе одат средствата, само ќе се изнаприкажеме, и развиваме приказни овде дека ќе ги развиваме со тие средства.

Со законот во еден член се вели ми се чини дека е 15 дека требало лицето да биде жител 15 години во тој крај. Јас сметам дека не треба такво нешто и зошто се става таков лимит на дури и нешто па дури и 10. Ако тој сфатил ако се иселил од тој крај, од причини да не ги кажувам кои, ас ги знам и се кажани и не треба да ги повторувам, оти на сила им ги зедовме и овците и козите, и земјата и стоката, ги испотепавме и ги стававме в затвор дека не влегуваа во колективите, задало се иселија од тој крај таму. Сега ако на некој му дошол паметот дека не може да опстане во градот, сака да се врати таму, зашто да му бараме ние 15 години да е жител таму. Ако е тој доволно способен и млад, не треба ѕ никакви години, туку да бараме луѓе кои што ќе се вратат таму и вистински ќе работат таму и при тоа да бараме одговорност за тоа што ќе му дадеме, да ги задолжиме со договори и судски заверени за да ги врати тие средства. ЗАТОА тој да биде обврзан и да работи за да може да ги врати средствата, а не да ги ограничуваме. Кај ќе најдеме ние такви луѓе? Таму ќе ги најдеме само странците кои имаат над 60 и 70 години. Претседателот на младината во тие села е 70 годишен човек и ние сега таму ќе бараме таму да биде над 15 години жител. Тоа значи даваме ама нема луѓе таму.

IV/1.-РД/ЉР

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (продолжение)

Јас затоа велам дека тој член треба да претрпи измени и треба да си го донесе своето место на лица кои сакаат да работат и живеат во тие недоволно развиени ридско - планински подрачја ќе им се помага, а не да е жител над 15 години. Јас не сакам да бранам сега некое подрачјено но јас повторно би рекол два-три збора во однос на еден регион кој опфаќа поголем дел од територијата на РМ. Не земам само две-три села на градот Скопје или на градот Струмица или на градот Охрид, овде се работи за еден поголем регион, за Мариово кој има голем дел што опфаќа од Грчка граница па се до Крива Паланка до Албанија со тоа подножје таму. Ние тоа го нарекуваме Маврово и тоа е еден голем дел запоставен иселен и тука ми се чини дека треба најголемо внимание да го сврти и Владата кон тоа предимство да му се даде да се отоворат тие места каде има најдобри резултати за развој на сточарството, на земјоделството, на овоштарството, на пчеларството и други стопански гранки. Тие со мала помош не би требало којзнае колку да работат, колку да им се покаже на тие луѓе да почне развојот на тој крај. Зошто не се почитува велиме со Агенцијата. А зошто не ги почитуваме тие здруженија што се формирани во тие такви ридско - планински подрачја, или во Мариово има обично здружение со висок квалитет на луѓе од сите стопански гранки и економисти и правници и други кои можат да се носат со тие права, со тој развој на тоа право. Зошто не финансираме или не поддржуваме една нивна програма да се користи нивното мислење, тие знаат кому може да му се финансира, треба од нив да се бара мислење на кого ќе му се помогне, на кој ќе му се даде за развој на тој крај, а не да им ги дадеме средствата па утре да ги нема, како што тоа го прашав со давање на средствата на штедачите, дај на овој, дај на оној и да дојдеме

во таква ситуација, ако не се води една таква контрола како што велам јас, па и онака мал и доста ценет и вреден оддел на Буџетот кој ќе го дадеме на ваквата сиромаштија за развој, да биде фрлен во калта, ако не се почитуваат програмите и здруженијата на тие неразвиени подрачја. Јас реков дека уште нешто ќе кажам, ние кажавме дека ќе го стегаме каишот но да не правиме како попот во црквата. Јас не зборувам за нас, ами за тие што слушаат. Тоа е работата. Затоа ќе треба ако се стега каишот во стопанството за да се зајакне нашето стопанство тогаш на сите полиња треба ние да го стегнеме каишот. Не можеме вака распасано да правиме вакви работи Поминаа сите празници и Нова година и Божикните празници и се одржа; прослави и сега повторно ќе го правиме тоа. Тие средства на неколку пати да ги собереш ете едно такво село да го унапредиме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Претседателството објавува пауза до 14,00 часот.

(По паузата)

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам деловничка забелешка. Почитувани пратеници несфатлива е за Парламентарната група на ВМРО Демократска партија за Македонско национално единство работна седница да се прекинува поради некои така наречени повисоки цели и пратениците да се изјаснуваат на сама седница. Со тоа се нарушува работната атмосфера во ова македонско Собрание и се создаваат вештачки впечатоци дека во македонската држава секојдневниот живот на граѓаните е толку среден и на социјал и на економски фонд што актуелната власт може да приредува и прослава и коктели секој втор ден. Ако завршувањето на оваа седница е во функција на стабилизационата програма на Владата на РМ ваквиот

однос говори за неиздржаноста кон истата и проектот на мерки што ги донесе таа Влада, затоа што таа иста Влада предложи стегање на ременот. Мислам дека еден ваков однос е крајно неодговорен однос.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Паузата што беше дадена беше вообичаена за ручек секој ден за секоја седница се дава пауза од еден час. Добро би било кога сите пратеници така сериозно би ја сфатиле оваа обврска, па точно на време би дошле на почетокот на седницата, а исто така и веднаш по завршувањето на паузата. Како што гледате се уште чекавме кворум.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, после три години присуство на овие пратенички клупи јас денес ќе гласам против овој Закон и сакам да кажам во врска со Законот. Ние како Македонија станавме членки во ММТ, не затоа што сме многу богати, туку затоа што сме сиромашни па користиме одредени бенефиции за да станеме членки понатаму на Меѓународната банка за обнова и развој, да станеме членки на Европската банка за да можеме да користиме поволни кредити, ние од Сорос добивме пари со поволна камата, му ги враќаме, бараме помош. Сранци како на пример германци со тие свои организации хуманитарни се интересираат за нашите граѓани како живеат и одредени програми прават да им помогнат во нивното живеење, меѓутоа, ние овде донесуваме и имаме Предлог на закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја и како да се однесуваме така инертно 50 години е вака толку инертно како да е тоа пред 45 години. Ова не може да биде така - господо. Мислам дека треба малку повеќе да ги отвориме очите и

мислам дека е дојдено времето да овие средства бидејќи учествував порано во дискусијата во овој Предлог на закон, кажав тогаш нешто меѓутоа според ова што се предлага, како да не сум кажал ништо. Според тоа, морам да повторам ако ништо друго заради јавноста не заради маркетинг, мене воопшто не ми е потребен маркетинг како да сите граѓани, сите вработени кои живеат и работат под исти услови, како да едни се толку повластени, што постојано треба да добијат по нешто, било за улица, за струја, за вода, за канализација, а некој се така се неповластени, или си забораваат, па не е важно кој како ќе живее. Тоа воопшто не е битно. Ние под тој плурализам мислам дека знаеме што значи тоа. Исто така знаеме што значи создаваше на нов економски поредок . Меѓутоа изгледа никако свеста да си ја промениме. Мораме да ја гледаме сиромаштијата Не може Скопје како град да го гледаме како Скопје и просечниот скопјанец живее вака и доста му е. Не може така. Во Скопје има пет општини, а во тие 5 општини живеат граѓани со најразличен^ состав. Заради тоа со години не се инвестирало ништо и не може едни да бидат газди, други да бидат робови. Тоа мора еднаш да се измени. Мора секоја општина според мене треба овој Парламент и ова Собрание овие пратеници да знаат дека секоја општина претставува посебна целина и да се види развојот во општината каков е. Не може Центар и Чаир да бидат еднакви. Меѓутоа, дајте да видиме можеме ли што им помага Еко и Либер од Франција и на тие што им помага Каритас од Германија, можеме ли и ние да им помогнеме. Мислам дека ни е долг ние прво да им помогнеме, после тие од надвор. Според тоа јас мислам дека ова што се предлага во членот 1-2 итн. а по членот 2 после точката 2 стои како спектично подрачје се сметаат ридско планинските и пограничните и компактно заостанатите подрачја. Кои се тие компактно заостанати подрачја и дали имаме такви во Градот Скопје, и дали имаме

такви во други градови кои што се набележани како развиени. Да речеме за срам не сме успеале да ги согледаме тие подрачја мали или големи дека таму народот страда. Неам вода, нема струја, народот се дави во кал. Секој мал дожд прави несреки на луѓето. Ние тоа не можеме да го гледаме. Дали целта на овој поранешен фонд сега се предлага агенција, дали е таа целта. Јас мислам дека треба да создадеме услови за еден порамномерен развој на овие општини кои што досега ништо не добиле. Според тоа мислам дека членот 7 воопшто не е контактобилен на членот 5 и 6 односно членот 1 и 2, тоа значи членот 7 треба да претрпи измена , градот Скопје да се гледа како општ, не како просечен граѓанин во градот Скопје. Всушност колегата Арсовски ми кажа да појдеме сега н а Камени мост има многу просјаци. Тоа значи полицијата и центарот за социјални работи треба да презема мерки. Ова е апел до нив. Што е тоа што секој мочи не е моја работа, тоа е работа на некој друг. Понатаму ова е од многу голем размер ние создаваме општествена свест кај луѓето. Каква е таа општествена свест ако не им помагаме по овој пат. Заради опресствената свест заради соживотот, не да ја спомнам лојалноста нема потреба зошто лојалност. Тоа е моја држава. И таа моја држава треба да гледа во лицето на овие закони како за Бранко, така и за мене. Но за жал во Законот не пишува така. Не се предлага така. Јас ве молам доколку има спротивни гледишта, не се работи само за Чаир се работи и да други подрачја. Јас и предлагам на г-ѓата министерка да побара пауза па да се консултира со Владата, па после да седнеме да разговараме Скопје не е една просечна целина. Во Македонија имаме многу проблеми Нека имаме и малку средства, малку пари меѓутоа, да бидеме пореални во оценувањето на тие вредности и категоризацијата развиени и неразвиени околу тоа да поделиме нешто, да помогнеме малку. Јас ги молам сите пратеници да ми помогнат околу ова ќе има и амандман во

случаи да не се усвои амандманот јас ќе бидам против овој Закон и да не речам дека ќе запознаат и некој други фактори. Сум го контактирал со многу делегати и делегации го повторувам неколку пати овде, јас знам дека се наоѓаме во многу тешка ситуација како Репубулика Македонија меѓутоа кога веќе носиме ваков закон кој што ќе живее понатаму кој што ќе го трасира економскиот социјалниот, културниот и не знам кој развој, ние сега треба да внимаваме што правиме.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство, Според тоа дека Законот е во последна фаза треба помалку да се дискутира, затоа што во наредните фази е дискутирано и мислам дека предлагачот воопшто нашите дискусии не ги зел во предвид. Се определивме за изградба на нов систем кој треба да осигури економска ефикасност, слобода, права на човекот, правна држава, чии систем е заснован врз под еден промена на структурата на сопственоста , второ, формирање на пазарот на стоки, труд и капитал, трето, трансформација на стопанството и неговата структурна промена четврто, нова улога и организација на државата, петто, воведување на макроекономска политика, шесто, нова улога на монетарниот фискален систем, седмо, проемна н а правниот систем итн. Мораат сите сегменти на општеството да бидат меѓусебно поврзани квалитетно и квантитативно што посебно треба да се води сметка на временската димензија на промените на одделни сегменти на општеството и неговото моделирање, така да дадат оптимални резултати.

Оттука и мојата појдовна основа на дискусијата со Предлогот на законот. Се поставува прашаше дали ни треба посебна политика и стратегина н а регионален развој. Се смета дека н е било ефикасно

IV/7.-

ефикасно што се согласувам од причини оваа држава е мала и не постои критична маса во просторна и економска смисла. Второ, имам чувство дека прелевање на дел од акумулацијата и пазарниот дел бара потполна слобода на економските активности и потполна можност на развојните фактори на целата територија на земјата. Јас лично мислам дека им аи причина од поголем број фактори за донесување на ваков закон и тоа. Од економски аспект се зачуваат следните оправдувања. Користењето на ресурсите и потенцијалите на развојот со помали трошоци, второ, овозможување поголемо оправдување на населението врз големи економски основи, трето, проширување на пазарот што значи зголемување на реалната економска основа, четврто, отстранување на регионалните диспропорции како основа за нивниот натамошен развој петто, зголемување на економската сила на општините за решавање на локални проблеми исто така има и причини од социјален карактер, вработување, отстранување на социјалните разлики, граѓанска хуманитарна солидарност итн. Во целина јас очекував дека овој закон не би требало да има елемента политика, а изгледа дека ние не можеме без политика да носиме закони иако што треба да е стручен.

Ако реално го реализираме законот, сите членови на Законот прашањето дали за овој закон е консултирана науката. Сигурно ќе добијат одговор дека е консултирана науката меѓутоа јас лично како во некој округли столови што се кажува за некоја наука што и поминале тие 50 години никогаш не можам да се согласам. И тука меѓу редови се глед дека исто така постои таа повластена политика тоа така наречено иселување, односно албанизација, исто така некој уште ден денеска не им е јасно на некои дека Македонија е мултинационална, не е само еднонационална држава затоа што другите нации, односно народи било албанци или турци изгледа дека им се потребни на шалтер кога треба данокот на промет или нешто да прибираме тогаш им се потребни

а ако треба дааинвестираме тогаш никаде ги нема. Очигледно треба да се анализира ако некој мисли каква култура имаме сите, нека преглед. кој колку плака на даноците итн. Ако ова го знаеме тогаш јасно се поставува прашањето каде беше за овие 50 години развојот. Јас искулучиво сум убеден дека регионалниот развој и понатаму предложениот закон е само една обична фарса, еден обичен закон. Ако го анализираме член 8 јас признавам дека не познавам географијата, меѓутоа точно знам дека ние немаме над 700 метри планинско село, а не ридско - планинско. туку членот 8 првата алинеја ако е прочитаме"над 800 м. или исклучиво према некоја конфигурација дека е ридско - планинско место. Изгледа како да сме од Банат па да не го познаваме ридско- планинското село.

Второ, ако се земе вториот пасуд на овој член да се анализира до 5 км. зошто ние донесуваме закон. Тоа се знае и на Комисијата анализиравме дека за 5 км. е појасот на границата. И ако комплетно се анализира во чија улога е законот и за кого^ треба овој закон тогаш практично минимално би било потребно 15 км. ако е одредено за некои гранични страни тогаш е во ред, а ако е за својата држава јас тврдам дека секоја точка оддалечена најмалку од 17 до 20.км за таков развој. Тоа што го реков дека има политички фонд меѓу редови и во последниот пасус на член 8. Затоа за мене не е битно дали ќе се вика Агенција, или фонд едно време беа во мода Фондовите, па СИЗ-.овите а сега е доста во мода агенциите. За мене е бидно дали ќе се развиеме. Да се помин е со една кола ќе се види Западниот дел само е санкциониран да плака данок а ништо да не се развива. Нека ми каже ова Министерство за развој со точни параметри колку е развиено за овие 50 години тој западен дел према бројот на населението и према сите економски параметри што ги има.

V/1.- CJ-ВБ

**ХАМИД АЛИУ**: (продолжение)

А, точно е тоа дека досега само ако е добивката основа на пазарното стопанство дека само акционерско друштво односно само а.д. е како бижутерија на нашите економски субјекти. На такви засега им е дадено "со шака и капа" и тоа само по симпатија. За мене, ако навистина сакаме да донесеме закон, стручно и научно, јас ќе го цитирам член 2 од овој закон и тоа: "Стопански недоволно развиени подрачја во согласност со овој закон се:

1. подрачјата на стопански недоволно развиени општини и
2. специфични подрачја.

А, ова последното е како специфични подрачја се сметаат ридско - планинските погранични и компактно заостанатите подрачја, ова е за мене само една обична фразеологија односно една обична симпатија Ако министерот биде од Тетово,Тетово ќе биде во оваа група, ако биде од Гевгелија, ќе биде Гевгелија.

Ви благодарам, и од почетокот не сум бил и сум сакал стручен и научно потврден закон со ориентација во пазарното стопанство.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Повеќе од пратениците, да речам од нас, гледам дека почнавме со локални дискусии односно секој да бара онаму од каде што е. Јас би рекол од лошо има и полошо. Верувам дека секаде треба по нешто. Тоа е нормално. Затоа не случајно го реков по вторпат и ова ќе речам од лошо има и полошо. Кога веќе се почна локално макар и да не смета да зборувам нешто локално, сепак ќе го спомнам Прилеп.

Ако Владата има добра прегледност за сите општини на Републикава ми се чини нема да претерам ако речам, значи, моменталната ситуација во Прилеп е можеби најкритична. Зошто најкритична? Прилеп од секогаш не предначел со никаква атрактивна индустрија. Местоположбата на северниот пелагониски регион каде што

V/2.-

припаѓа прилепската општина е таков што дури и земјоделието не може да дава такви резултати како што може на друго место во Републикава. Не сакам со тоа да нападнам некого ниту да оправдам, затоа реков Владата дека има или ресорното министерство дека имаат доволна прегледност за што и каде треба најмногу да се гледа и да се помогне.

Со моменталната ситуација, реков во Прилеп, со овие стечајни работници што нагло, конкретно при крајот на минатата година, а се разбира и во почетокот на оваа година се затвораат работните места и затоа реков Прилеп има таква индустрија што барем 70% од работниците ќе бидат стечајни работници од индустријата и така да Прилеп покрај тоа што работат со многу али лични примања работниците, нив тутунот им беше само како една додатна егзистенција за опстанокот во животот. Зошто реков само додатно прашање? Некогаш тутунот беше така форсиран и од нас и од познати порано личности што дури викаа и тропаа по градите ако треба и нарамо ќе го носиме тутунот во Белград, тоа нормално, го знаеме, госпоѓата Вера Ацева тоа го велеше честопати, па дури и Црвенковски многупати спомнуваше дека Прилеп го рани тутунот, но ако се запрашавме дека Прилеп, на четворочлено семејство за да изработи некаде од 500 до 600 килограм тутун годишно и од тие 500 до 60 0 килограми тутун ако се пресмета сегашната цена на тутунот што ја прима производителот односно надокнадата што треба да ја земе, просекот е некаде и доаѓа во Прилеп тутунот некаде околу 4 до 5 илјади денари. И тогаш ако пресметаме дека годишните примања односно надокнадата на едно вработено лице во тој тутун некаде би изнесувала платата на едно лице најмногу до 300 денари месечно. Ништо повеќе. До 300 денари месечно, а знае) колку е тоа 300 денари и кој може да опстане со тоа. Затоа реков индустријата во Прилеп се затвара, тутунот не се плаќа но ако се земе Прилеп и прилепската општина тоа е посебна приказна, тоа е делот од Мариово

како заостанато, рековме земјоделието за кое се условите такви што не успева и затоа јас бев против да се дискутира локално, но предизвикан од тоа што секој знае дека мотиката трга на кај себе јас бев приморан тоа да го речам.

Зборнав нешто за Мариово. Ако веќе вистина се мисли на крајно заостанати неразвиени подрачја, тогаш сите знаеме какво е Мариово. За тоа не треба воопшто да дискутираме, но ако во догледно време,, јас знам каква е економската ситуација во земјава скоро цела можеме да ја речеме како едно неразвиено подрачја сега, но ако понатаму се мисли за Мариово, а Мариово е можеби едно од последните катчиња на Балканот ако не и пошироко што не е загадено од овие денешни пестициди и разни отрови што можеби а и сигурно гарантирам дека е едно од последните катчиња на земјава што може нормално за здрава храна да опстанува таму сточарството, пчеларството, шумарството, овоштарството и други гранки. А, тоа ми се чини многу е битно и за тоа во светот денеска најмногу се размислува, се размислува за производство на здрава храна. Затоа, во интерес на времето многу кажано е за Мариово и за Прилеп и затоа не би сакал повеќе да дискутирам и ги молам и другите пратеници да се воздржуваме од преголеми дискусии толку локални дискутирања.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, последнито дискутант укажа на потребата за пократко да се произнесеме во однос на расправата во последната фаза на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја и сметам дек неговото упатување јас го прифатив и сосема накратко ќе укажат само на ставот на Пратеничката група на Либералната партија дека го поддржува донесувањето на Законот затоа што неодрживо беше толерирањето за две години веќе се спроведуваше со време на мерка една обврска во

делот на поттикнувањето на развојот на недоволно развиените подрачја и таа обврска истече на крајот од 1993 година, па сметаме дека со донесувањето на Законот денес, на денешната седница ќе се направи еден континуитет во делот на поттикнувањето на недоволно развиените подрачја. Од 19 6 8 година не беа изменети критериумите врз основа на кои се утврдуваше неразвиеноста. Еве сега пред нас во една последна фаза е уобличен веќе начинот на утврдувањето на неразвиеноста и изненаден сум од расправите од поедини пратеници што повторно расправата ја враќаат на почетна фаза, сметам дека денес сме во завршна фаза и можеме само да интервенираме по пат на амандмани и само така можеме да дојдеме до онаа цел, односно да го донесеме Законот.

Јас само накратко ќе укажам дека изворите за финансирање го диктираат и начинот на обликувањето на обликот на организирањето на оваа проблематика. Додека изворите на финансирањето беа надвор од буџетот сигурно дека и обликот на организирање беше и можно во вид на фонд. Сега дали тоа ќе биде агенција како што е предложено во Законот и сметам дека не смета да биде агенција, само единствено сметам дека во член 16 недоволно прецизно е нагласено односно организациониот облик на агенцијата и каде таа агенција ќе биде сместена во рамките на Владата.

Поддршката ја давам во делот на тоа дека Владата треба да биде одговорна за спроведување на овој закон бидејќи изворите на средствата се во рамките на Буџетот. Се работи за некаде околу 6 милиони долари средства годишно и сигурно дека тие треба да се користат во еден континуитет во цела година. Јас само ќе укажам,. а тоа е во делот за спроведувањето на законот да сепак изворите на средства

ја имаат судбината на вкупното напојување на буџетот, инаку овие две години мислам дека праксата не беше таква. Средствата кои што беа упатувани на Фондот за неразвиени подрачја мислам дека немаат таков приоритет во однос на другите корисници и затоа најверојатно не дојде до реализација на одредени програми.

Исто така во член 11 мислам дека не е внесено, а тоа мислам дека може и под други извори да биде и регулирано враќањето на средствата што досега беа пласирани кај одредени корисници. Сметам дека треба да се направи една идентификација на сите корисници кои досега ги имаа користено средствата затоа што создава и една забуна во дел на спроведувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, за тие претпријатија што користеа средства од ФНП се знае дека судбината на тие средства имаат кредитни односи. Според тоа треба да се најде начин тие средства да бидат вратени во рамките на овој фонд односно во рамките на средствата што треба да ги користи Агенцијата.

Сметам дека, а најверојатно, со донесувањето на Законот за Владата попрецизно ќе се уреди организациониот облик. Ова решение што сега се нуди сигурно не е во функција на денешната структура на Владата, но во едно ново решение сигурно и Агенцијата со една измена на овој закон може да си го најде своето место во рамките на извршувањето на обврските на Владата.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Јас го поддржувам предложениот закон и тоа од следните аспекти:

Прво, заради тоа што параметрите за дефинирање на неразвиеност се научно фундирани.

V/6.-

Второ, затоа што постои политичка волја на државата да обрне внимание на неразвиените краишта.

Трето, затоа што законот се поклопува со периодот на транзиција каде што се развиваат обратни процеси и потребно е, мислам обратни процеси од постојните, мислам миграциони и оттука потребно е големо внимание во дефинирањето на пределите кои што неразвиени

На секого му е познато дека е многу тешко да се живее и да се опстојува во неразвиените предели. А, многу потешко во сегашните услови на пазарна демократија заради тоа што не постојат основните фундаменти за такви процеси во неразвиените краишта. Оттука сакам да кажам дека примерно во изведната на моделот за поттикнување на неразвиените краишта е насочување на средствата во решавањето на инфраструктурните прашања телефон, патна мрежа, електро - мрежа со поинаква јачина, водоснабдување за да се создадат бар основи за развој на пазарна демократија односно пазарно стопанство и во овие делови на Републиката. Само на тој начин човекот како ресурс од овие краеви би можел да ги вклучи во искористување и; потребните ресурси со кои се располага и во развиените краеви, а со такви и располага.

Само едно сакам да замолам во елаборацијата на параметрите и во дефинирањето на неразвиените сепак Владата треба да биде по-флексибилна во смисла центарот може да биде развиен, на неговата околина може да биде неразвиена. Ова прашање е многу еклатантно во ридско - планинските предели. Ако на таков начин се изведува моделот на поттикнување мислам дека ќе се постигне големо задоволство кај граѓаните.

Второ, Владата во изведната на моделот треба да се потпира на постојните јавни претпријатија чиј е основач од аспект да партиципира во проектите на претпријатијата, на пример во Електро- стопанстов, во ПТТ така да овие јавни претпријатија стартуваат со свој капитал, се потпомогнати од Министерството за развој односно од Агенцијата за

развој за да го поевтинат учеството на граѓаните од овие краеви во решавањето на елементарните прашања за живот, а тоа се инфраструктурните прашања. Ако вака се прифати пристапот мислам дека резултатите би биле поповолни, подобри откако Министерството за развој ќе се зафати автохтоно за решавање на едно прашање или на еден проект.

Ова го кажувам од личен пример, од лично искуство, ПТТ Македонија поакжа добра волја во дримколскиот крај да учествува со сопствена инвестиција така да ако сега се вклучува, во реализирањето на тоа и Министерството за развој ќе поевтини учеството на граѓаните во ридско - планинските предели односно неразвиените предели, градбата на овој модел ќе биде на благосостојба на граѓаните. Само низ тоа мислам и на таков начин ќе ја видат граѓаните политичката волја на државата за поттикнуваше на неразвиените краишта.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Мене ме интересира една работа. Според ранг-листата направена од Министерството за развој Куманово има статус на развиена општина. Според параметрите со кои се детерминира оваа проблематика ми се чини дека Куманово не треба да го има овој третман бидејќи има општини со поголеми цифри кои имаат статус на неразвиени општини. конкретно Куманово како општина општ производ по жител, тука пишува а другите општини кои имаат статус на неразвиени општини како на пример Кратово кое што има 101,6, Радовиш 119,4, Ресен 96,2, степен на вработеност Куманово има 74,8, Кратово како општина која има статус на неразвиено подрачја има 125,2, Радовиш 76,8, значи повеќе Ресен има 87.

V/8.-

Активни основни средства по жител, Куманово има 66,9, Кратово има 75,5, Радовиш .има 168,3, Ресен има 122,7. Не знам по кои критериуми е направена оваа табела и Куманово како општина да се најде во листата на развиените општини.

**ХИСНИ ШАКИРИ**: (Продолжение)

Ако се зборува за Липковскиот терен, тоа се знае дека таму може да се каже слободно дека најнеразвиен крај е во Републиката. Но, меѓутоа, бидејќи, критериумите се направени на ниво на општините јас гледам дека Куманово врз овој табелар не треба да го има ова место.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Душко Николовски.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојата амбиција не е да зборувам во името на Пробиштип, дали е развиено или неразвиено, меѓутоа, сакам да потенцирам неколку моменти, кои очигледно во првиот дел од расправата и вториот дел од расправата, во претходните расправи, така да кажам комисиски, па мислам дека и во поморскиот механизам, очигледно заборавивме дека беше основната концепција, како и на кој начин да се постави овој фонд да биде во функција на остварувањето на развојните карактеристики на Република Македонија. Јас во оваа прилика не сакам да се задржувам конкретно за решението, но сакам да потенцирам дека врз основа на севкупните расправи сето тоа што беше потенцирано основниот концепт како да се асоцира, односно како да го поставиме овој фонд во новите услови како амбиција за остварување на развојните цели на Република Македонија, пред се од аспект на поттикнување, глед дека сите елементи се вградени. Беше едно од прашањата од организационата поставеност и функционалност на Фондот. Тоа прашање е децидво дефинирано, вградено, во подоцнежна фаза, мислам дека и со упатството ќе биде конкретизирано, а со донесувањето на законот за локална самоуправа и територијална поделба на општините, веројатно, дека ќе биде целосно и дефинирано.

VI2

Второто прашање кое беше спорно при определувањето на концепцијата што сега како решение е содржано во овој закон, тоа се изворите на финансирањето на Фондот, што го посматравме во многу прилики на многу места во расправите. А земавме елементи, земавме концепции и како е тоа поставено во делот на полуразвиените, во делот на високоразвиените и во делот на социјализираните земји како што беше на пример Шведска, Италија, Шпанија итн.

Третиот елемент која е намерата на Фондот. Намерата на фондот во конкретниот случај е низ решенијата кои се поставени овде, практично обезбедуваат одговор на прашањето на Парламентот, а тоа е дека ние имаме и политички интерес и политички цели, а со тоа и политичка волја еден ваков документ односно проект да биде донесен и верифициран од страна на Парламентот.

Оттука, произлегува и заклучното мислење дека фондот нема намера ниту амбиција со овој закон да ја развие републиката и да помогне на општините како крајна завршна цел, да се промени структурата во Републиката на стопанисувањето низ призмата на структурата на стопанството, па и општините, туку нивната амбиција е пред се како развојна стратегија и цел да постигне преку поттикнувањето и дел на урамнотежување на некоја структура во некоја општина односно во градот Скопје, како што беше поставено и прашањето.

Во интерес на времето, имајќи ги предвид севкупните фази кои беа во неколку наврати потенцирани, а со внимание ги следев различните концепции во почетокот на конципирањето на основните фундаменти кои требаше да бидат содржани во овој закон, мислам дека во конкретниот случај, барем јас така гледам на работите, премногу прејудицираме дека решенијата не се содржани. Ако се впуштиме малку во аналитика на било кој од споменатите членови дали едните што го дефинираат делот

на критериумите, механизмот на проследување, начинот на поттикнување итн., веројатно во подоцнежна фаза кога ние би биле претседатели на локалните самоуправи би нашле соодветен одговор дека овој одговор е доста успешен доста позитивен. Во оваа прилика би го подржал мислењето на голем дел на пратениците што застанаа зад овој концепт. Мојата сугестија е во конкретниот случај ако имаме конкретно амандманско решение полесно ќе помогнеме овде на самите себеси да потенцираме, отколку да се враќаме да покренуваме одредени прашања кои веќе во вториот дел на расправата концепциски ги дефинираравме и ги оставивме со овие решенија што сега се денес предмет на распра- ва.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, излегов на говорница да кажам следното. Ги поддржувам залагањата изнесени во дискусијата на господинот Фаик Абди и укажувањето што направ] пратеникот независен, земајќи предвид ситуацијата конкретна каква е во Градското собрание и негово функционирање, дозволете да кажам дека чувствувам неопходна потреба и во овој закон град Скопје, т.е. Градско собрание да не биде инстанца и критериум за вреднување на град Скопје, туку да бидат по можност сите пет општини. За мене тоа останува една дилема, иако не ми е тешко да кажам и да признаам доколку добивам гаранции дека во овој поглед ќе биде се во ред, јас сум склон и поборник еден од тие што читајќи го законот осетив дека е чекор напред залагање плус, користејќи ги нашите реални можности каде може да се интервенира, т.е. многу свесни колку може да се интервенира за и тие краеви да се успее малку побргу да се развиваат. Значи заклучувам за

мене останува проблематично решението дадено во член 7. Господин Абди вети дека ќе има амандман, јас ќе го подржувам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Краток ќе бидам, почитувани пратеници, бидејќи сме на крај на трпение, меѓутоа ме поттикнаа неколку дискусии и јас да земам учество во расправата кога веќе дискутираме за еден квалитетен закон, кој за мене е изнуден закон и нужен закон, токму заради тоа што овој закон не претставува некој нов модел, измислен модел, меѓутоа тоа е кодификација на неколкуте закони кои беа присутни во претходни период, модифициран со некои одредби кои ги регулираат овие односи во оваа област. Така, во тој дел мислам дека овој закон треба да биде континуитет на овие закони и понатаму да ја развиваме политиката односно порамномерен развој на сите краишта во Република Македонија. Од тој аспект го поддржувам комплетно законот.

Лично сметам дека Законот е квалитетно изработен токму заради тоа што мислам дека и можеби кога би влегле во изработка на самиот закон тогаш би се судриле со некои објективни потешкотии да изработиме уште поквалитетен закон. Да ви кажам дека овде јас не чув некоја конкретна дискусија дека параметарот тој и тој треба да се замени со тој и тој и да има вкупна, права и аналитичка проценка наљ сите состојби за да може да влезе како параметар. Мислам дека овие три параметри кои се внесени во член 5 се сосема доволни, барем во ова време во овие услови на подготвување и на овие можности на изнаоѓање на одредени податоци кои сепак имаат една поаналитичка проценка во таа смисла. Ние не можеме да имаме друг податок ако  немаме

општествен производ по жител. Несреќа е што Република Македонија има 800 долари по жител исцело во Републиката, меѓутоа гледате дека имаме одредено население кое живее и со 200 долари по жител. И не случајно така сме нашле како држава дека треба да покренеме една активност за да ги подмириме овие потреби на оние граѓани кои за мене се непривелегирани граѓани. Граѓани кои се жртва на системот, кои останале верни на подрачјата на кои треба да живеат, иако кај нив нема инфраструктура, иако кај нив нема вода, до вчера немаше и струја, а да не зборувам дека никакви патишта итн., а да не зборуваме за привилегираните. За мене тоа е привилегија да живееше сега во град да имаш асфалтен пат, да имаш струја, да имаш училиште, да ти е блиску на тебе лекарот па правиме избор на лекар, а јас ќе ви кажам дека во подрачјето на Козјак во Куманово, едно лице за да користи здравствена услуга треба да патува најмалку 20 километри и се она уште кажано кумановски во лејка обезбедува вода од еден извор, кој се наоѓа исто така 10 километри од самото подрачје. Мислам дека илузорно е да прави сега споредба град Скопје и Козјачкиот крај во Куманово или Мариово во Прилеп. Мислам дека тоа е страшна демагогија и илузија, дури е нехумано да правиме такви споредби. Јас професионално ќе ви кажам досега ниту едно лице кое е дојдено да живее во град и покрај нудење на низа услови во зелен план, не знам ова или она итн., не се врати да живее во село. Ви тврдам тоа со факти. Ние пак мислам дека треба да го поддржиме овој закон заради оправданост заради тоа што има во себе не само економска, има социјална, а има и демографска функција и во тој однос мислам ќе направиме нешто што би требало да направиме Макар што не сум голем оптимиста со 6 милијарди долари како што кажа почитуваниот Горгиоски дека можеме чуда да направиме. Јас ќе ви кажам дека членот 15 ако го анализирате на индиректни мерки кои се предвидуваат со овој закон да се обезбедуваат во сите овие три региони

тврдам дека половина пари ќе отидат. Таму се заговара партиципација во пензиско и инвалидско осигуруваше на сите граѓани кои имаат 50 години старост за мажи и 48 години за жени. Партиципација во здравствената заштита на сите членови на тие семејства. Ние немаме таков податок, но тврдам дека ако ги зафатиме овие региони, и како што постоеше желба да го прошириме законот со уште некои региони, јас мислам дека пак ќе одиме на онаа солуција како што беше за земјоделие. Повеќе култури да имаат предвидено премија, не знам друга бенефиција и ќе обезбедиме квантитет, без да обезбедиме одреден квалитет. Во таа ситуација мислам дека Законот е извонредно добро направен. Ако така го реализираме има шанса и нешто да сториме аз тоа население кое пак повторувам, дека никогаш не било привилегирано, а ние сме привилегирани кои што живееме во град. Во таа смисла целосно го поддржувам овој концепт на Предлог-законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Листата на пријавени дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој друг бара збор?

Министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувани пратеници, ние неодамна во рамките на 69-та седница на Парламентот водевме сеопфатна темелна расправа за овој закон. Јас мислев дека и ќе има потреба и од мое повторно јавување на денешната расправа. Меѓутоа, во расправата што претходеше не отсуствуваа и некои оценки и некои квалификативи со кои јас не би се согласила, или беа кажани некои констатации за кои чинам е потребно некое дообјаснување.

Во расправата која се водеше беше дадена и поддршка на концептот на законот и на конкретните решенија содржани во Законот но се разбира беа упатени со критички забелешки на определени решенија. Јас нема да се осврнам на оние прашања, кои се вообликувани и преку амандман. Значи, ќе се интервенира амандмански и тогаш веројатно ќе имам прилика и да кажам нешто. Меѓутоа нешто што не е вообликувано како амандман би сакала да укажам. не се согласувам со конотацијата дека се она што беше кажано во расправата не нашло, односно ништо од расправата во претходната фаза не е земено предвид како што беше кажа но од еден од пратениците. Се она што одеше во функција на понудениот концепт, а како концепт не беше оспорен, вграден е во текстот на законот и се она што можеше објективно да се вклучи, поаѓајќи од материјалните ограничувања, тука пред се мислам на сугестиите за проширување на опфатот на подрачјата,. кои би се поддржувале со оваа политика, а од друга страна некои предлози едноставно н еможевме да ги земеме предвид, заради проблеми во статистичко информационата основа кои ни се се уште присутни и кои создаваат проблеми, посебно кај утврдувањето на показателите врз основа на кои се врши и рангирање на одделните подрачја според степенот на развиеност. Но, направени се и значајни интервенции. Сега не сакам да ги набројувам сите оние што се потрудиле повнимателно да ги споредат текстовите, веројатно тоа го воочиле, но би сакала да кажам дека е направена интервенција дури и кај показателите за степенот на развиеноста кај општествениот производ со цел за негова објективизација, вклучувајќи го корективниот елемент на густината на населението, промените во густината ва населението и кај другите параметри и кај параметарот ридско- планински подрачја и пограничните подрачја, вклучуваме определени корективни елементи. Прецизирана е

и институцијата што ќе ја спроведува политика, делокругот на нејзиното работење, што исто така, беше укажано во рамките на расправата.

Околу начинот на пласирањето на средствата денеска беше дадена една критичка забелешка за отсуството на кредитирањето како начин на пласираше на средствата, Се разбира кредитирањето не е исклучено во поддршката на неразвиените, тоа функционира преку банкарскиот систем и банкарскиот механизам, но во овој случај ние само одиме со субвенционирање на каматата, значи поевтинување на кредитите што потенцијалните инвеститори би ги користеле за реализација на некаков зафат во овие подрачја. Се разбира некаде е присутно и кредитирањето, меѓутоа, н може концепциски да се оствари Законот заради вклучувањето на ваквиот модел за пласирање на средства. Само да потсетам јас на анализата која беше доставена до пратениците анализата која беше. направена од меѓународниот центар за мир и развој 1989 година или 1990 година тие податоци ги користевме и во материјалот што беше доставен до пратениците и таму беше даден компаративен преглед на споредувањето на оваа политика, на инструментите, на институцијата во земјите со развиена пазарна економија. Позначаен дел од земјите, исто така, отсуствува кредитот како пласман на средствата насочени за поддршка на неразвиените подрачја и регион. Науката дали е консултирана или не. Јас за тоа говорев и во минатиот наврат и во дискусијата, очигледно за пратеникот Хамид Алиу, веројатно секоја научна расправа не е адекватна научна расправа, веројатно, со онаа научна расправа која ќе ги потврди неговите мислења би ја признал и би ја прифатил како научна расправа за определен концепт.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:** продолжение

Се одржа научна расправа и сега, неодамнма во основа содржината на законот не беше критикувана како концепт, се разбира а јас и во претходната фаза во приклучувањето кон расправата го изнесов фактот дека и при подготвувањето, при физиономирашњето на законот беше користено мислењето на респектабилни луѓе од науката кои се занимаваат со оваа проблематика. Станува збор за делење средства, нешто што, можеби, не враќа назад, нешто што значи администрирање. Знаете не треба веќе да употребуваме еуфемизми како што беше тоа практика до сега и работите треба да ги наречеме со вистинско име. Ова претставува државна интервенција. Тоа е државен интервенционизам со цел да се помогне, да се поттикне развојот на недоволно развиените подрачја.

Да не одиме кон она што го имавме формирање на тела во кои ќе имаме претставници од општините па претставници на, како што имавме општествено политичките организации, заради поопштествување на политиката, но, тогаш се поопштествување одговорноста. Ова е интервенција на државата и заради тие причини е донекаде локацијата на органот и надлежностите така како што се предложени во законот.

Повторно ќе укажам, затоа што на тоа ме мотивира денешната расправа, не се оди само со поддршка на општини што ќе се прогласат како недоволно развиени туку и на така наречени специфични подрачја. Не знам зошто се спомнуваше Мариово или други региони или неразвиени делови од развиени, поразвиени, релативно развиени - нели, општини. Предмет на поддршка на овој закон се и специфичните подрачја во кои се опфатени и ридско планинските и пограничните и компактно заостанатите, нешто што не беше вклучено во законот што се уште е на сила.

Тоа порано беше уредувано со општествени договори, но нивната важност веќе престана во 1990 година.

За некои конкретни забелешки , повторно велам што до сега не се формулирани во вид на амандман.

За тоа кој општини ќе бидат прогласени како недоволно развиени, кои се ридско планинските, кои се граничните, пограничните Владата ќе донесе посебен акт. Но, беше поставено конкретно прашање за селото Љубојно. Да кажам дека тоа го задоволува критериумот одалеченост од границата и ќе биде поддржано со мерките што ќе произлезат од овој закон.

Понатаму, беше правена некаква паралела помеѓу пара- метрите за развиеност помеѓу Куманово и некои кои во табелата фигурираат во делот каде се сместени недоволно развиените општини. Јас морам да кажам дека ова групирање е направено според постојните решенија, она што е сега актуелно, допрва ќе биде донесена одлука на Владата, почитувајќи ги критериумите на законот.

Меѓутоа, да спомнам, Куманово ниту до сега беше во неразвиените. Меѓутоа, Куманово, согласно овие критериуми што сега се утврдени ќе има еден компактно заостанат регион како што е Козјачијата, 15 населени места што ќе имаат третман на ридско планински подрачја и 25 населени места што ќе имаат третман на погранични подрачја. Значи, еден широк опфат и на оваа општина, за разлика од тоа што досега не беше предмет на поддршка со политиката, согласно законот што се уште е на снага.

Ја делам сосема загриженоста и на господинот Абди за условите во кои живеат определени граѓани во рамките на Скопје, како општина. Во дискусијата и на пратеникот Алиу беше укажано. Меѓутоа, факт е дека ќе мора да се третираат како една градска заедница заради неможноста прецизно да се утврди што е економската снага на одделни општини во

рамките на Скопје. Како ќе се исклучи прелевањето што настанува меѓу општините во рамките на Скопје? Некој живее во една општина работи во друга, ја користи инфраструктурата на градот, таа е заедничка за град Скопје, се разбира, а за социјално загрозените граѓани имаме друг вид на политика, поинаков вид на поддршка. Тука е и социјалната политика и поддршка на Владата, но и различни фондови, фондации, што беа спомнати.

Околу називот на институцијата се кажа помодарство. Дали агенција? Знаете, па добро е дури и да е заради тоа, да направиме едно семантично диференцирање односно еден дисконтинуитет со политиката што ни беше присутна. Овде не е само заради тоа. Дури и психолошки да кажеме дека почнуваме нов концепт со поинаква институција. А, овде велам не е само заради тоа, не можевме да го прифатиме терминот фонд затоа што фондот треба да има свој изворен приход за кумулирање средства што ќе ги користи за оваа цел. ФАИК АБДИ:

Дами и господа пратеници излегов само да кажам нешто во врска со она што го кажа госпоѓата министерка во врска со мојот предлог и гледањето на градот Скопје во рамките на 5 општини, искажувањето дека немаме податоци. Како да немаме посебни податоци

за секоја општина па од тоа да се изведат податоци за развиеноста и степенот на неразвиеноста на секоја општина посебно.

Како бивши општествено политички заедници општините даваа податоци до Републичкиот завод за статистика и јас сум убеден, сигурен сум дека за секоја општина постојат нумерички податоци, постојат податоци за општествениот производ и се што постои во една општина. Според тоа, мислам дека има голема корист, граѓаните на градот Скопје ќе имаат голема корист, еден најголем дел од граѓаните, ова не се однесува само на општината Чаир во која јас живеам, туку и на други

општини, да речеме Гази Баба, Кисела Вода, значи мора да направиме напор да се одлепиме од оваа проблематика.

Простете, но не може во праксата од овие 30-40 години претседателот на општината Чаир доаѓа од општина Центар. Како би рекле старите "Тито се бореше, кралот се женеше". Не може така.

Се извинувам што ќе го спомна господинот Киро Поповски, и тој е во едно такво подрачје па би требало да даде поддршка на вакво нешто зошто е од таму пратеник, меѓутоа јас верувам во напорите на Владата и на напорите на госпоѓата министерка да се прифати тоа гледиште, тоа становиште за да може малку побрзо соодветно да се помогне развојот во оваа општина односно на општините на градо Скопје кои што многу малку се гледани во идниот период. Јас верувам дека исправно ќе бидам разбран и исправно сум разбран.

А за податоци, има податоци. Срамота е за РМ да нема податоци за нејзините општини.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи се работи за предлог на закон едино што може да се каже во ова поради несогласност со неговата содржина е дали да се гласа за истиот или не.

Господа пратеници, за мене е дискутабилен членот 16 ка, се говори за содржината од член 4 за избор, за формирање на агенција во состав на органот на управата надлежен за работите на развојот.

Ако ова биде во надлежност на орган на управа надлежен за развој, зошто тогаш да правиме агенција во состав на тој орган? Се поставува прашањето дали со овој закон ќе можат да се устројуваа други органи на управа освен со законот за органите на управата според кој е предвидена посебна собраниска бројчаност односно 2/3 мнозинство а овде со обично 1/3 мнозинство ќе може да се изгласа една институција со значење Орган на управа.

Нема доследност. Агенцијата има својство на правно лице. Држи. Меѓутоа, ќе дојде директорот на агенцијата, вели на предлог на раководителот на органот на управата надлежен за работите на развојот Владата ќе го именува. Се мешаат надлежности. Еднаш доаѓа во ист тој орган има агенција, па сега тој орган дава надлежност друг да врши именување на директор. Чиј тогаш ќе биде директорот, какво својство ќе има? Дали ќе биде само директор на правното лице или ќе биде директор во органот на управата? Сека, законот на управата не е донесен. И, во еден момент ќе дојдеме во една колизија на правни одредби: имаме - немаме; може - неможе и на крај ќе дојде да не се знае што е овде решено што не е решено.

Кога реков за член 4, за спроведуваше на мерките за поттикнување на побрзиот развој по член 2 на овој закон се формира Агенција. Оваа агенција ќе треба практично како орган на управа да го извршува законот. Меѓутоа, Владата е извршна власт. Сега, дали извршната власт ќе треба во себе да прави извршна власт? Ова е прашање што треба да се разјасни, за да не дојде да не знаеме дека имаме една уставна одредба со која се налага дека извршната власт односно Владата е таа што ги спроведува законите. А, сега имаме друга агенција која се одредува да ги извршува овие работи. Да не стои двојно одредување.

Поради тоа сметам дека законот во овој момент не е подобен за изгласување.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Само мало објаснување кој ќе ги извршува законите Министерството или орган во состав на Министерството. И овој орган во состав е во рамките на извршната власт и ќе се грижи за извршување на законите. Можноста за формирање органи во состав на министерствата е дадена и со посебниот закон на органите на управата. Тие се

наведени, но дадена е и една можност со членот 83 каде ј се вели со закон може да се основаат и други видови на управата и управни организации и да се определи нивниот делокруг. Тоа, се разбира, се однесува и на органите во состав. Да не заборавиме ние веќе имаме закони што се донесени со истоветно решение, го формиравме Заводот за заштита на индустриската сопственост кое исто така има својство на правно лице и функционира како орган во својство на Министерството.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓата министер од позиција на Влада во потполност ја разбирам. Тука нема ништо спорно меѓу нас двајца. Зборот е една грешка да не помине во навика, токму она на што се повика министерот. Значи, една грешка да не биде правило. Ова го поткрепувам со тоа што Законот за државните органи и државната управа се донесува со посебно мнозинство и да не може со парцијални решенија да се вметнуваат други закони каде ќе се зафаќаат одлуки што треба да се донесат со законот за државната управа. Тоа е проблемот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор (небара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5, став 1 алинеја 1 за менување на член 16, за менување на член 17, за додавање нов член 19-а, член 20 став 1, за менување на ставот 2, за менување на член 21, член 23 став 1, и за менување на ставот 2 со два нови става, член 25, за бришење на ставот 2, член 29 став 1 и на член 30.

Пратеникот Ташко Киров поднесен амандман на член 4, член 6 и на член 9.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 5 по кој Владата не е произнесена.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 13 став 1 за менување алинеја I за менување на член 23 и член 25, за менување на ставот 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на членот 7, член 10 став 1 и член 27, член 15 став по зборовите "агенцијата" да се додадат зборовите "со кое е одбиено барањето", член 18, на член 31 со кои Владата се согласила и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Томислав Стојановски на член 15, став 3 и 6 со кои Владата не се согласи.

Пратеникот Трајан Мицевски поднесен амандман за додавање нов член 15-а по членот 15, со што Владата не се согласува.

Пратеникот Хисни Шакири поднесе амандман на член 8 став 4 по кој Владата не е произнесена.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 8 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Шабан Превала поднесе амандман за менување на член 23 по кој Владата не е произнесена.

Пратениците Газменд Ајдерага и Шабан Превала поднесоа амандман на член 15 став 1 по кој Владата не е произнесена.

Пратеникот Шабан Превала поднесе амандман на член 16 за бришење на став 1 и за додавање нов став по ставот 2 и на член 17 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Абди Фаик поднесен амандман на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот околу називот на институцијата не се прифаќа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Т**АШКО КИРОВ:**

Како што со овој закон условно општините ги дели на развиени и не развиени, така и ние зависно од која општина доаѓаме така носиме белег при нашето зборување, и говорење.

Така на пример човек ако ве слуша од страна лесно може да каже кој од која општина доаѓа. Еве, на пример конкретно претседателот кој ја води седницата вели "петнаест". Мислам дека не е исправно.

Но, колку и да е тоа грешка, сепак кога човек зборува усно може некој збор и да излета, особено ако станува збор за одредено говорно подрачје од Републиката, што и тоа не е толку голема грешка, макар што сепак се огрешуваме од македонскиот јазик.

Но, кога станува збор за пишан збор и особено кога тоа доаѓа од туѓо јазично подрачје, конкретно во овој случај станува збор за зборот "агенција" во членот 4, овој збор има потекло од зборот што значи посредување или застапување.

Затоа се предлага овој збор во овој член и во понатамошниот текст да биде заменет зборот агенција со зборот посредник.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали друг некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

Бидејќи за предложениот амандман гласаа 14 пратеници констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

VIII/1 ЛП/ПН

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, сакам да го објаснам малку амандманот со цел да добиете подобра претстава пред Собранието да се произнесе.

Најпрво, сакам да кажам дека оваа расправа, која беше доста обемна по овој закон, потсетува на сознанието дека одделни решенија кои се содржани во овој закон, и покрај значајните модификации што беа направени во новото понудено решение, сепак се уште останаа на линијата на добивање уште на стартот, при реализацијата на одредени инвестиции, одредени поволности и од тие причини на некој начин беше интересот пратениците секој од аспект на сознанијата особено во подрачјата да настапуваат во интерес на заштита на правата и интересите на соодветните подрачја. Меѓутоа, ако во законските решенија беа применети такви механизми кои ќе одеа на линија да стимулираат градење, а при реализацијата на соодветни зафати да следат одредени олеснувања, мислам дека резултатите ќе беа далеку подобри. Во тој контекст е и решението што го предлагам во мојот амандман во член 5, а кој е во суштината значи:

Членот 5 ја опфаќа содржината на критериумите по кои се утврдува степенот на неразвиеноста, односно степенот на развиеноста на општините и одделните подрачја, односно како критериуми се

утврдени три при што првиот критериум го опфаќа елементот на општествениот производ остварен по жител за соодветниот период кој се зема како базен, другиот критериум е бројот на вработените на 100 жители во соодветната општина односно подрачје и третиот критериум е набавната вредност на активните одновни средства по жител во соодветната општина односно подрачје. Токму на овој критериум се однесува амандманот на член 5, а тој во суштина предлага, покрај предложеното решение за вложувањата во хидро и термо електрани, кои се изземаат од вредностите при утврдувањето на набавната вредност на активните основни средства по жител да бидат поместени и вложувањата во водостопански објекти, поконкретно во брани и останати хидро објекти.

За ова имав пошироко елаборирање уште во фазата на предлогот за донесување на закон, меѓутоа, за жал Владата не ги уважи овие укажувања и сугестии, па од тие причини бев принуден да го поднесам овој амандман. Практично со овој амандман се допираат едни значајни вложувања на подрачјето на неколку општини на Македонија, каде се вложени значајни вредности како инвестиции, односно како износ на средства. Тие средства се користени по разни извори, дел од нив беа неповратни и под многу поволни услови, други беа под потешки комерцијални услови^ Меѓутоа, во секој случај предноста на вакви објекти, како што веќе нагласив, е со значаен износ на средства кој битно влијае на степенот на развојот при примената на овој трет критериум.

Од друга страна, вакви објекти се лоцирани на потесни подрачја во земјата. Исто така, благодетите или ефектите од овие инвестиции не се однесуваат на поконкретните подрачја туку тие имаат една поширока примена на поширокиот простор на Република Македонија односно тие

се на некој начин во иста состојба како и изземениот дел на вложувањата во термо и електро енергетски објекти.

Од тие причини, би било коректно овие инвестиции како такви, или во делот на мерење на критериумите, да паднат на пошироки подрачја на кои се чувствуваат благодетите од овие вложувања, или пак тие да ја делат судбината како и исклучувањето за термо енергетските објекти.

Да го земеме примерот само на неколку општини. Значаен дел од овие вложувања во системот Брегалница кој практично делува на Источниот дел на Македонија, сите тие средства се сконцентрирани во претпријатието кое стопанисува со овие објекти, а тоа претпријатие е со седиште во Кочани. Од тие причини практично целокупниот дел на средствата вложени во овој дел како критериум се земаат за подрачјето на општина Кочани, што значително ја менува сликата на овој критериум во однос на тоа ако овие средства, односно вложувања бидат поинаку посматрани. Да потсетам, овој систем Брегалница делува на повеќе од 6 општини на подрачјето на Македонија и сите овие општини ги чувствуваат благодетите и ги користат благодетите од овие објекти, а општина Кочани како потреба тоа најмалку го има бидејќи тие сливови на брегалничкиот дел поминуваат низ Брегалничкото поле и без изградбата на овие објекти подрачјето на Кочанско поле, односно Кочанска општина би ги користела овие благодети. Тоа значи овие инвестиции кои се вложени за да овој слив добие поширока примена во неактивниот период, а тоа значи во зимскиот период преку создавањето на акумулациите, веќе претставува товар на ова подрачје. Вакви и слични примери се и со подрачјето на Битола со изградбата на комплексот на водостопански објекти, таков е случајот со Кавадарци, сличен е случајот со Радовиш и други општини.

Од тие причини сосема е оправдано предлагачот да го уважи овој елемент, како едно олеснување и дополнување при утврдувањето на конечните критериуми за утврдувањето на степенот на развиеноста на одделни општини и подрачја. Затоа предлагам Владата односно ресорниот министер уште еднаш да го земе предвид ова укажување содржано и во ова мое дополнително објаснување, а што е на некој начин и конкретно опишано во образложението на предложениот амандман, зашто мислам дека со тоа ќе се дојде до поправедни решенија иако верувам дека многу квалитативно нема да се изменат инструментите применети како решенија, како во делот на стимулирањето на градењето и инвестирањето на неразвиените подрачја, така и во делот за критериумите на утврдување на степенот на развојот. Меѓутоа, сепак кога се одлучивме и го подржуваме донесувањето на овој закон со сите оние елементи на неадекватни применети решенија, ваквите дополнувања односно прифаќањето на овој амандман ќе придонесе за едни поправедни решенија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Господа пратеници, излегов да дадам поддршка на амандманот што го поднесе колегата Иванов, од образложението што го изнесе тоа беше доста опширно, само би сакал да додадам еден момент затоа што поголемиот дел од тие хидро акумулации, и покрај тоа што имаа намена за наводнување и за подобрување на условите за стопанисување во агро комплексот во нашата држава, мислам дека сега во моментот по овие

неколку сушни години поголемиот дел од нив се наменуваат исклучиво за вода за пиење за населението и навистина е нелогично едни такви објекти кои служат за една најосновна намена, за живот и егзистенција на граѓаните да се третираат како објекти кои го зголемуваат обемот на развиеноста на тие подрачја.

Во текот на расправата и по Предлогот за донесување на овој закон мислам оваа проблематика беше присутна и во Комисијата за економска политика и тогаш морам да кажам дека имаше некоја начелна поддршка од министерот Софија Тодорова, меѓутоа, навистина не ми е јасно зошто во дефинитивниот текст ова не влезе. Тоа е и причина во оваа прилика амандманот да биде прифатен и на некој начин да се изедначат сите тие услови со другите, бидејќи ако е кажано дека хидро акумулациите служат за поширока примена во државата, мислам дека и овие хидро акумулации, ако на некој начин се можеби за помала територија и подрачје, но нивната намена пак ќе кажам за една основна животна егзистенција на граѓаните, и не би требало тоа да биде некој висок степен на развој и токму од таа причина некои подрачја да влезат во развиени. Всушност, за мојот регион за Струмица, тоа на ја менува состојбата бидејќи и така, и со нив сме некаде со 42%, меѓутоа, тоа не е од локалистичка побуда, туку навистина од една практична примена и мислам дека Владата треба да го подржи овој амандман за да на некој начин не стави во ист третман со другите подрачја од државата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

При исклучувањето на термо и хидро електраните од вредноста на основните средства се појде од принципот дека практично нивното функционираше обезбедува поповолни услови за стопанисување на целото подрачје на Републиката, едноставно нивното производство се вклучува во единствен систем и тогаш апсолутно нема ни можност ни логика нивната вредност да се прокнижи во една општина. Најчесто хидро акумулациите имаат и повеќенаменска употреба кога се наменети за производство на електрична енергија тие се исклучуваат, но во овој случај кој го посочи пратеникот Иванов, а и сега пратеникот Маледнов станува збор за системи, акумулации кои служат исклучиво за наводнуваше. Во едниот случај се работи за акумулација која обезбедува поповолни услови за стопанисување на неколку општини, но сепак се работи за неколку општини, а не за подрачјето на Републиката кое беше основен принцип кој се почитуваше. Патем, доколку е вредноста на системот Брегалница се исклучи од вредноста на основните средства, прикажани на општината Кочани, нема да се промени статусот на оваа општина. Повторно со вредноста на основните средства се на нивото односно нешто над просечното ниво на Македонија

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас и благодарам на министерката за даденото дополнително објаснување, меѓутоа, сакам да кажам дека јас со мојот амандман повеќе настапувани

принципиелно, не ги гледам ефектите кои ќе настанат за одделни подрачја, поконкретно за општината Кочани. Ова е една принципиелна работа, кога веќе го имаме случајот со термо и хидро електраните, ова се исто така едни објекти каде имаме големи вложувања или таканаречени капитални вложувања. Да потсетам, ние не треба да ја гледаме само затечената состојба. Ова ќе бидат критериуми кои ќе се однесуваат за подолг период, а тоа значи за наредните години. Ако ние сега во подрачјата каде што се наоѓаат хидро сливодите, треба да се пуштаме во нови зафати, еве на повидок се сега инвестициите околу водоснабдувањето на значаен дел на општини кои имаат сериозни проблеми со водоснабдувањето, ваквиот критериум ќе биде дестимулативен затоа што дали тие општини утре ќе се согласат да бидат инвеститори - носители на ваквите објекти. Само по себе тоа го поставува прашањето дека овие работи треба да ги гледаме повеќе принципиелно како критериуми кои треба да служат и во наредниот период, секако земајќи ги предвид и затечените состојби кои многу неповолно се одразуваат. Јас реков одделни подрачја, вклучувајќи ја и Кочанската општина, тие за себе имаат вода преку целиот период бидејќи минуваат 3 реки на тоа подрачје. Меѓутоа, другите општини или поконкретно зафатот што треба да биде за Злетовица за водоснабдувањето, Кочани исто така го има решено прашањето за водоснабдување. Меѓутоа, новите вложувања и новите зафати кои треба да бидат решение на целото подрачје и пошироко, веќе го поставува тоа прашање во една друга улога, дестимулативно.

Од тие причини, не би било коректно односно мислам дека Владата ќе направи грешка ако, сакајќи некои работи стимулативно да ги постави, да бидат лимитирачки, а да се впушта само на еден сегмент, а тоа е сегментот на вложувањето во термоелектраните одвоено

вложувањето во термо и хидро електрани. Од тие причини мислам дека дополнителното објаснување што го даде министерката не држи место.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 1 алинеја 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мислам дека немаше потреба претседавачот да ја измачува министерката заради тоа што Владата даде свое мислење по овие амандмани од пратеникот Тодор Петров.

Единствено ќе го образложам поднесениот амандман кој се однесува на членот 5 став 1 алинеја 1 во смисла - "степенот на стопанската развиеност на подрачјата на општините да се утврдува преку општествениот производ по жител корегиран со коефициентот на промената на густината на населението и миграциите на населението". Од поголемиот број пратеници во расправата и претресот по Предлогот

за донесување на законот беше укажано дека во критериумите односно показателите за утврдување на степенот на стопанската развиеност на подрачјата треба да биде земен предвид и критериумот миграциони движења.

Владата во образложението за неприфаќањето на овој амандман или оваа определба по предлогот на закон тврди дека овие движења се опфатени преку коефициентот на промената на густината на населението.

IX/1.- ЈК/ЉР

**ТОДОР ПЕТРОВ: (**продолжение)

Односно со оваа корекција, во основа, според мислењето на Владата е вграден и елементот миграција на населението. Густината на населението не мора секогаш да биде резултат на миграциите на населението, зашто таа е резултат и на наталитетот, а миграциите се резултат на механичкиот прилив и одлив на населението. Заради тоа сметам дека битно влијаат врз степенот на стопанската разувоенот на подрачјата односно општините, односно со нивното земање предвид преку корекцијата на општествениот производ по жител, доаѓаме до реална состојба, реални показатели на стопанската развиеност. Без овој показател како коректор се менува претставата за степенот на стопанската развиеност на подрачја на општините, а миграциите и те како влијаат врз степенот на стопанската развиеност на подрачјето

Во оваа расправа некој укажа дека и рече што направило оваа држава во последните 50 години за развој на западниот дел на Македонија. Меѓутоа, изгледа заборавaме дека покрај наталитетот за привидната стопанска развиеност во однос на други делови во Македонија, во западниот дел на Македонија и те како имаат влијание миграционите движења на релација Косово - Македонија. И сега за да се злоупотребува гуситната на населението како резултат и на миграциите па преку општествениот производ по жител да се укажува и нагласува неразвиеноста на одделни подрачја, претставувајќи го степенот на развиеноста како етничко прашаше и создавање етничка тензија. За мене лично сметам дека предложениот коректор во општествениот производ по жител покрај коефициентот на промената на густината на населеност миграциите на населението битно ќе влијаат и ќе дадат реална слика за степенот на стопан ската развиеност на подрачјата н а подрачјата. Па во таа смисла предлагам овој амандман да биде прифатен.

IX/2.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Хамит Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека ваков амандман не треба да се прифати од најпроста причина затоа што едно вакво елабрирање за наталитетот, може да се слуша само од псевдоекономисти. А за миграцијата од Косово во Македонија или поточно миграцијата на албанците по цел свет, изгледа дека г-динот претходен дискутант е од Зимбабве, па не знае каде е Македонија и што значи западна Македонија.

**КИТО ПОПОВСКИ:**

Јас молам, да бидете повнимателни во изразот на обраќање и во меѓусебното обраќање и во дискусијата.

Има збор г-динот Петров

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Што се однесува до претходниот дискутант, сметам дека пак од такви економисти, од типот на г-динот Хамид Алиу ништо друго по економски текстови и расправи не слушаме, освен дека албанците се народ во Македонија така што општо е против уставно.

**КИРО ПОПВОСКИ:**

Јас би ве молел да излезете надвор, па разберете се што мислите, немојте пред целиот аудиториум.

Има збор пратеникот

**ХАМИТ АЛИУ:**

Јас не еднаш сум рекол на говорницата и пак ќе повторам дека секој што носи наочари, на жалост и јас носам наочари, не се баш елегантни и паметни, а г-динот претходен дискутант треба да знае и

после три години дека и албанците се народ во Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам зборувајте а немојте од место да реагирате. Ќе ве молам на говорница да се употребуваат уставните термини во одземувањето на состојбите и прашањата.

Дали некој бара збор по амандманот?

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Мојата забелешка е од;процедурална природа и би сакал да го предупредам претседавачот и претседателството дека подолго време Собранието работи нелгитимно без кворум. Дури имаше и гласање на кое што немаше кворум. Јас ве молам да се преборите зашто се она што е кажано од оваа говорница не е легитимно и не е регуларно.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Од Стручната служба сум информиран дека за сите гласања досега имаше повеќе од 61 пратеници присутни. Бидејќи пратеникот сега инсистира да се провери тоа , молам Стручната служба да го провери присуството на пратениците во салата. (се врши пребројување) Во моментот во салата има 56 пратеници. Ве молам повикајте ги што се тие надвор зашто постојано некој влегува и излегува.

Има збор претставникот на Владата Совија Тодоровиќ

**СОФИЈА ТОДОРОВИК:**

Навистина од повеќе пратеници беше укажано на потребата од вклучувања на овој дополнителен критериум миграција, меѓутоа, беше укажано и на потребата од вклучување на параметарот густина на населеност. И не е ништо ново и Владата во мислењето што е доставено до пратениците известува дека миграциите покрај другото се вклучени во елементот густина односно во параметарот густина на населението, покрај природното и механичкото движење на населението.  Значи на

посреден начин ваквата забелешка и укажување се почитуваат. Миграцитие како елемент не можевме да ги вклучиме како корективен фактор и заради податоците со кои располагаме а кои не укажуваат односно покажуваат една многу висока амлитуда на варирање од година во година и за одделни подрачја, како пример да ја споменам општината во која имаме најизразит прилив и миграционо салдо позитивно во 1992 година. Тоа е Тетово со прилив на население од 598 жители во 1992, а меѓутоа во годините што претходат како што е 1991 имаме негативно салдо од 16, а 1990 година негативно салдо од 83 жители 1989 негативно салда 243 жители и 1988 година негатовно салдо од 404 жители. Значи, имаме високи амплитуди на варирање и не може да се користи како сега во овој момент како адекватен параметар, Веројатно тоа се должи или на фактичката состојба, или на квалитетот на информационата основа што се базира на пријавени и одјавени лица во одделни општини. Наталитетот навистина има битни разлики од општина до општина, меѓутоа и тоа како параметар често се користи за определување на нивото на развеност, но високиот наталитет е показател за понизот степен на развиеност.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

За амандманот гласаа 9 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на членот 5 став 1 алинеја 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Молам кој бара збор

**ТАШКО КИРОВ:**

Во Уставот на Република Македонија во еден член е напишано дека службен јазик во РМ е македонскиот јазик и кирилското писмо. Според тоа мислам дека треба да го почитуваме дека е тоа така и да не употребуваме, повторно укажувам дека зборовите се туги на тој јазик. Зборот статус се сретнува многупати во Законот, а за него имаме толку убав збор положба или состојба . Затоа предлагам наместо зборот статус во овој член и во натамошниот текст на Законот до крајот да биде заменет со зборот положба.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака?

21 пратеник гласаа за Амандманот.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

Јас не кажав во мојот осврт на дискусијата дека не постојат податоци за општини. Податоци за општини постојат, друго е прашање

IX/6.-

каков е нивниот квалитет. Меѓутоа во рамките на Скопје, како општина не може да се изврши разграничување на она што се создава како доход во една во однос на друга општина. Еден живее во Аеродром а работи во Гази Баба или живее во една населба а троши во друга и ја користи инфраструктурата на градот Скопје. И патем да укажам дека во рамките на град Скопје околу десетина населени места ќе имаат третман на ридско планински подрачја и околу 11 третман на погранични подрачја и по тој основ тие ќе можат да користат средства согласно со овој закон и оваа политика.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор:

Има збор Фаик Авди

**ФАИК АБДИ:**

Ако е укажувањето на г-гата министерка Тодорова дека може би не ќе има такви податоци за да може да се разграничат општините, јас колку што знам јас сум практичар почитувана госпоѓо, јас работам во општина Гази Баба а живеам во општина Чаир. И сите даноци и подданоци по основ на мојот личен доход одат во општина Чаир, односно вашиот итн. Па според тоа националниот доход се мери на некој начин таму каде што се создава. Иако видите како е општина Чаир, сигурно еден добар дел од скопјани, стари скопјани ќе се засрамиме од тоа какви општини имаме сега. Зашто од некој општини ќе се засрамиме и од светот ќе се засрамиме. Па дајте еднаш да се засрамиме за да може да ни биде поубаво. Јас барам поддршка од пратениците во име на сиромаштијата на Скопје .

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( никој?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

IX/7.-

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? За Амандманот гласаа 19 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 од пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Барам поддршка од пратениците за поединечно гласање.

(Пратеникот не доби поддршка од 10 пратеника, туку од 7 и не може да се спроведе поединечно гласање)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Немате поддршка од 10 пратеника, туку од 7.

Отворам претрес по амандманот на членот 8 став 1 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.,

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Гештаковски

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитувани пратеници амандманот се однесува на член 8 став 1 во кој се утврдуваат карактеристиките односно условите за стекнување статус на специфично подрачје, односно во ставот 1-а специфично подрачје како ридско подрачје. Предлагачот утврдувајќи ги основните услови утврдил и основен услов пред се да е надморската височина 800 метри надморска височина за ридско планинско подрачја. А потоа го развива и вели: "а кои според конфигурацијата на теренот имаат изразито планински карактеристики". Самиот факт ако одредено

подрачје е над 800 метри надморска височина што е земена како гранична вредност од страна на предлагачот, по сите карактеристики и по својата конфигурација е ридско - планинско. Затоа сметам зборовите кои се "а кои според конфигурација на теренот имаат изразито планински карактер", треба да се бришат и од една друга причина, пред се од една правна чистина на законите, зашто секој кој го чита законот врз основа на одредени критериуми може да стекне својство дали е специфично или не специфично едно подрачје и да не настануваат одредени забурни и толкувања од страна на извршната власт, пред се, во утврдувањето на специфичните подрачја зашто и во досегашните критериуми посолеа условите за погранични и ридско планински како надморската височина и оддалеченоста, а после постоеја и други вакви карактеристики како демографскиот развој и стопанскиот развој. Кога извршната власт односно Владата со одлука ги утврдуваше тие подрачја, како што беше истакнато и од страна на пратеникот Андоновски во одредени подрачја како типични подрачја беа типично погранични, ридско планински, оддалечени од самата граница на еден км., по својот демографски развој им беа некаде во однос на претходните показатели или бадична година 90% иселени, никаков стопански развој, добиваа статус, односно не го добиваа оној статус што им припаѓаше.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (продолжение)

Затоа со овој амандман се предлага ридско - планинските подрачја, како специфични подрачја да бидат основен критериум над 800 метра надморска височина.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас веднаш да кажам дека овој амандман не го поддржувам и особено не треба да се прифати образложението кое беше за овој амандман кажано дека се работи за граматичко чистење на членот и дека дикцијата на одредбата во врска со определување на ридско-планинските подрачја на начинот на кој предлага предлагачот на амандманот едноставно ќе се сведе само на критериумот на 800 метри надморска висина. Причините се следни: Мислам дека тоа не би требало да биде единствен критериум затоа што во Македонија постојат населени места кои по сите свои карактеристики, како на пример и градот Ресен се наоѓаат во развиените населени места и под тој критериум би потпаднале во ридско - планински подрачја и мислам дека додатокот што е во Предлогот на законот во тие населени места да влегуваат ридско- планинските подрачја што по својата карактеристика се како такви е доволен критериум Владата да утврдува вистински такви области и населени места за да се остварат основните цели кои се на законот. Во спротивно доколку се продолжи на ваков начин да се манифестираат интересите на одредени подрачја по било која тема во Република Македонија ќе се изгубат основните уставни и законски претпоставки за носење на овој закон, а според мене причините за тоа лежат во основ- нито приод према овој закон кој може да биде и евидентно присутен во излагањата кај добар дела на пратеници дека се работи за закон кој носи одделни погодности за посебни подрачја во РМ. Јас можам , да кажам дека Законот пред се има за цел и тоа пратениците треба да го имаат предвид носи погодности исклучиво за целокупна

Република Македонија со оглед на тоа што доколку интересот на одредени регионални заостанати подрачја се развиваат со поголема динамика автоматски ги ослободуваат од голем број проблеми и развиените подрачја што евидентно се јавуваат во тековниот развој и што ќе бидат се поприсутни во понатамошниот развој. Јас мислам доколку тоа се има предвид кај пратениците дека добар дел ќе треба да биде сфатен за основните цели и намери на Законот кој се предлага.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 4 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас би сакал со неколку збора да го образложам поднесениот амандман на член 8. Со оглед на фактот дека станува збор за законот кој се однесува за неразвиените краишта и идната перспектива на сите оние ненаселени места кои имаат третман на неразвиени.

Ја сметам дека е неопходно да се обезбеди рамноправен третман на сите недоволно развиени подрачја со понудената верзија на законскиот текст, така што во практиката да не создаваме дилеми околу нивното спроведување.

Токму од овие причини поднесениот амандман треба да се прифати бидејќи со овој амандман не се менува концептот на Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените краишта суштината на амандманот се однесува на член 8 став 4 бидејќи истиот пишува: цитирам "Статус на компактно заостанатите подрачја и на подрачјата кои опфаќаат повеќе населени места со изразито ниско ниво на стопанска активност недоволно развиена стопанска инфраструктура изразито висока миграција и мала густина на населеност. Мојата забелешка е во тоа зошто да се наведе и критериумот мала густина на населеност. Оттука произлегува констатацијата дека овие зборови се непотребни и како такви треба да се бришат а понудениот амандман тоа го бара. Поаѓајќи од овие причини барам од пратениците да гласаа за амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 8 став 4 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Отворам претрес по амандманот на член 9 -поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Дали некој бара збор?

X/4.-

**ТАШКО КИРОВ:**

Во овој член до крајот на овој закон се среќава зборот "акт" кој исто така нема корени во нашиот јазик. Затоа предлогот овој збор "акт" да биде заменет со зборот "одлука".

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Кога се гласаше за мојот амандман констатирав дека нема доволен број пратеници во салата барам прво да се пребројат пратениците, па уште еднаш доколку кворумот не бил доволен да се гласа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам кворумот се утврдува на основа броењето што го вршат стручните служби во салата. Според тоа барам да се утврди фактичка состојба во салата треба пред гласањето да се направи или непосредно по гласањето. Постојано има пратеници кои влегуваат и излегуваат и таа бројка се менува. Според тоа, не би можеле сега назад да го вратиме предлогот повторно да утврдуваме, а доколку сега инсистирате сега да утврдиме дали има кворум можеме да го направиме.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Претседавачот кој претседава со седницата пред да гласаат пратениците треба да утврди точен број на пратениците во салата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Во моментот кога се гласаше имаше 61 пратеник.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Доколку имаше во тој момент 61 пратеник меѓувреме во овој интервал не излегол ни еден пратеник во салата. Тогаш треба да има присутни 61 пратеник ако е така.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Сега не знам дали излегол или не излегол. Молам стручната служба да утврди точен број на пратеници во салата за да можеме да работиме. Во салата има 64 пратеници, значи, можеме да работиме.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 поднесен од пратениците Газменд Ајдерага и Шабан Превала.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Газменд Ајдерага.

X/6.-

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Се надевам дека почитувани пратеници и почитувано претседателство дека од како ќе го сослуша моето образложение министерката ќе го прифати амандманот. Еве од кои причини: Јас во образложението, фактички не само јас туку магистер Шабан Превала во образложението по однос на овој амандман зборуваме кои се причините зашто предлагаме ваков амандман. Повеќето овде со поедини амандмани се залагавме да се усвојат тие од причина што станува збор да се помогне на недоволно развиените подрачја и компактно заостанатите и специфични подрачја. Може да биде ли поголема помош ако се изгласа овој амандман од аспект на тоа. Што значи да се живее во компактно заостаснато подрачје, во неразвиено подрачје или специфично подрачје. Да се живее во такво подрачје значи многу, односно спротивно на она да се живее во Скопје. Што сакам со тоа да кажам. Во Скопје има се а таму да кажам просто речено нема ништо. А кога ќе се навратиме од друга страна и Фаму како и во Скопје кога се гради куќа треба да се плати приклучок за електрика. Дали е одрживо таква работа.

Второ, исто треба да се плати приклучок и за телефон. Може некој претпоставувам по реагирањата на наставниците од министерството дека ќе ми приговараат дека ова не се однесува на граѓаните кои што живеат во тие подрачја. Јас мислам ако играме на игра на зборови, тогаш може така да биде. Меѓутоа, тоа јас го сфаќам дека се однесува и на граѓаните. Кого ќе стимулираме таму да живее. Стока ако стимулираме да живее стоката без жители не може да живее. Заради тоа, предлагам ова да биде прифатено. Мислам дека не треба повеќе да ве замарам, јасна е работата. Зошто да плаќа еден во Скудриње што живее на

надморска височина повеќе од 800 м. да плаќа приклучок за електрика. Или еден од Мариово шуќур што се нашол таму да живее уште ќе му бараме приклучок за ел. енергија.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Предложената интервенција од пратениците се однесува за ослободување од плаќање на овие давачки за приклучок на ел. енергија и телефон, како што изнесе и пратеникот. Меѓутоа, ставот во кој се интервенира уредува ослободување на плаќање на нешто што претставува приход на Буџетот од ослободување и ослободување на плаќање на даноци, царини, и други увозни давачки. Значи државата се откажува од дел од приходите на Буџетот во интерес за реализација на ова политика. До душа во следниот став имаме формулација која се однесува за надомест за пензиско и инвалидско осигурување, меѓутоа овој амандман би требало поинаку да се формулира од формална гледна точка, а и од суштинска гледна точка, сепак станува збор за ограничени материјални средства и мораме и тоа да го имаме во вид при предлагањето на дополнување на законот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ако министерот мисли дека може да го преформулира немам ништо против. Меѓутоа, прво се согласувам ако таква преформулација може да биде во ред е но треба да имаме на ум дека во ред е она дека се работи за индиректен трошок и за пари кој се плаќаат на одредени организации. Меѓутоа, ако имаме на ум дека Уставниот суд донел одлука дека такси може да препишува само Владата во случај да се плаќаат сега во практиката, приклучок за ел. енергија се плаќа, насекаде кои сака да се приклучувам, во случајот ќе дојде Владата да распише повторно

таква такса. И заради тоа повторно тоа ќе биде во корист на Буџетот. Според тоа, образложението мислам дека не држи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 1 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Шабан Превала.

Во меѓувреме пратениците Наќе Стојановски и Петре Трајановски поднесоа амандмани на член 15 став 2 по кои Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво јас се извинувам што амандманот е доцна поднесен на седницата и тоа е единственото оправдување што е одговорот на министерот со вакво образложение, може да биде прифатлив, но не е до крај убедителен.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** ( Продолжение)

За да може амандманот да се повлече или за да може пратениците да гласат против амандманот. Тоа се причини за кој амандманот се однесува на одредбите од членот 15 каде зборот погранично се заменува со зборот специфично подрачје. Што тоа значи? Значи дека со индиректните мерки со кои се предвидува предлагачот за лицата кои најмалку 15 години непрекинато живеат и работат во населени места со статус на погранично подрачје а притоа навршени 513 години мажи односно 48 години жена, обврските по основ за ПИО и здравствено осигурување доколку се работи за исклучиво земјоделци при таква состојба тие обврски да ги преземе агенцијата.

Јас амандманот само сакам тоа право на таквите лица да го проширам покрај оние во погранични подрачја и во ридско - планинските и во компактно заостанатите подрачја. Доколку се има бројчани квантификации за бројот на лицата кои тоа право можат да го користат и за обемот на средствата, за паричните средства кои треба да ги плаќа агенцијата, тогаш тоа би биле аргументи и би биле во прилог на амандманот што го поднесувам или би биле во прилог на тоа да се гласа против амандманот кој се поднесува. Но, во случајот ни кај предлагачот на амандманот, тоа е кај мене, се располага со такви квантитикации, јас ќе се обидам само врз чувството на еднаквост и праведност и уставниот принцип на еднаквост на граѓаните да кажам дека и оние граѓани во ридско - планинските подрачја како и граѓаните во пограничните подрачја и во компактно заостанатите треба да го користат тоа право како мерка од причини што према состојбите кои се на теренот во РМ таквите граѓани кои според мене се сосема во мал број имајќи во предвид дека се работи за ридско - планински подрачја што во општината Демир Хисар

од пример што ги знам состојбите во сегашната ситуација има 10 населени места со вкупен број на жители околу 400 и од кои под овој критериум може да потпаднат околу 30 до 40 граѓани согласно законот, се наоѓаат далеку во понеповолна положба од добар дел на граѓани на кои исклучиво занимање им е земјоделието а се наоѓаат во дел од некој погранични подрачја каде навистина се работи за земјоделци кои произведуваат и приходуваат, произведуваат приход по основ на земјоделие. Додека ваму се работи за граѓани кои навистина ептен на некој начин немајќи никаков избор останале во тие населени места и на некој начин се споменици на населените места кои истовремено имале свој живот.

Јас мислам дека доколку Владата располага, предлагачот со вакви квантификации дека неспорно треба да го усвои овој амандман и од причини што најчесто се работи за поединечни случаи кои во Законот овде иако се определува дека се однесува и на членовите на нивните семејства се работи за семејства кои се старачки и членовите на нивните семејства одамна се иселени од тие населени места.

Јас апелирам доколку Владата и предлагачот не го прифати овој амандман пратениците да го поддржат овој амандман, а бидејќи се работи за амандман кој се однесува на сите граѓани во РМ и од сите изборни единици во РМ, нормално кои ќе се вклопуваат вон овие критериуми во пограничните, ридско планинските и компактно заостанатите подрачја во Република Македонија.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Ова право или индиректна мерка во Предлог на законот беше пошироко поставена, но не во оваа смисла во која сега интервенира господинот Наќе Стојановски, се опфаќаа само пограничните подрачја, но се однесуваа на сите лица без оглед на дејноста со која се

занимаваат. Со согледувањето на материјалните можности и правата кои би произлегле од ова решение ние го искусивме опфатот на лицата и се однесува само на оние кои што се занимаваат со земјоделска дејност и за членовите на нивните семејства. Со овој предлог што сега се дава, јас само обрнувам внимание дека би се опфатиле и жителите на околу 500 населени места во ридско - планинските подрачја и населението во околу 11-тина компактно заостанати подрачја. Се разбира ова не е дефинитивна бројка, допрва ќе треба тоа конкретно да се утврди а тоа ќе треба и конкретно да се утврди со акт на Владата, назначат или конкретизираат овие подрачја. Со една проксимативна пресметка не можевме тоа да го направиме поинаку затоа што амандманот кога беше подготвен иако пратеникот Наќе Стојановски кажа точна бројка на население што живее во пограничните подрачја, меѓутоа со една проксимативна пресметка би требало да се употребат 15-тина пати по обемни средства од она што сега предвидуваме да биде пласира преку оваа индиректна мерка. Во таа смисла не би требало да биде прифатен овој амандман.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сепак мислам дека докрај предлагачот на законот не е убедителен од причини што се изнесуваат, се употребуваат теш дека ќе бидат опфатени жители и населени места. Овде не се работи : жители на населени места, се работи за категорија која ја дефинира законот. Иако се има предвид дека под оваа категорија и за тоа треба да се изнесат квантификации која е таа цифра на категоријата на граѓаните што ќе го користат ова право и споредувањето во однос на тоа дека досегашниот предлог на законот само за пограничните подрачја проширен е на ридско - планинските и на компактно - заостанатите подрачја како дел на тие подрачја ќе го зголеми издатокот во однос на 1:15 ништо не значи за да

дигнат или не дигнат рака овде пратениците, би значело кога тоа би биле како цифра да го видиме обемот на средствата или да видиме дали тие средства нешто значат во однос на остварување на другите цели кои се зацртани со законот во врска со поттикнување на развојот на неразвиените општини и специфичните подрачја, овие вклучително.

Јас мислам дека ако вие имате претстава, а би требало да имате бидејќи го предлагате овој закон дали во вашето основно решение за таквите граѓани и категории што се бават исклучиво со земјоделие во пограничните подрачја колкава е таа цифра на граѓани и колку е тој обем на средства што ќе треба да го даде агенцијата на тие граѓани што имаат над 50 години мажи односно над 48 години жени за пензиско и здравствено осигурување. Имајќи во предвид дека се работи и за категорија на граѓани во ридско - планинските подрачја и компактно заостанатите подрачја кои по други основи за делот од придонесите за здравствено осигурување се ослободени, јас мислам дека далеку се работи за многу помала цифра на граѓани кои ќе бидат опфатени, но на тој начин ќе биде застапен принципот на правичност и еднаквост на граѓаните.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Бидејќи се работи за многу важен амандман, меѓутоа тој ја руши концепцијата на овој член, сметаме дека со овој закон ќе можеме да ги решиме сите проблеми што се сврзани во поширока смисла врзани за социјална политика и за социјална заштита.

Ние донесовме низа закони, што ги регулираат тие односи и мислам дека за мене е дискутабилно оваа индиректна мерка која се внесува во овој закон. Таа ќе пројави одредени проблеми заради тоа што немаме прави параметри, искристализирани, заради тоа што стапките за

пензиско и инвалидско осигурување и здравствената заштита и сето тоа тоа е доста одговорна задача што ја презема Владата за да тоа го обезбеди на седница, а ние знаеме дека со Законот за здравствен заштита сите лица од 60 и 65 години се ослободени од придонес за плаќаше на пензиско - инвалидско осигуруваше. Со даночниот систем сите лица кои живеат во погранични и други неразвиени специфични места се ослободени од плаќање на данок, заради тоа што бонитетот на земјоделието е над 6 класа, односно 7 класа итн., а Законот за социјална заштита ги сместува сите тие категории во тој закон и потврдува дека сите лица кои не се осигурени по некој основ односно материјално необезбедени, без разлика дали се работи за дете, за младинец,за старо лице или за возрасно лице се обезбедува тој закон. На наредната седница ние го имаме како Нацрт на закон и треба да се избориме, ако не сме го докрај ова сместиле во тој закон, да го сместиме, а јас тврдам дека е сместено таму, така да и оваа категорија на граѓани е заштитена. Јас не случајно во мојата дискусија кажав дека дискутабилно е став 2 од член 15, заради тој член нема да предизвика некаква си заштита заради тоа што ги заштитувате со другите законски проекти освен да правиме некаква забуна. Меѓутоа, предлагачот ме убеди дека и таа мерка ќе мотивира, дека таа категорија на граѓани ќе остане во тие места да' живее и понатаму. Во таа смисла мислам дека Наќе, не е добро да го прифатиме овој амандман, а можеме да го сместиме во Законот за социјална заштита ако не е доволно дефиниран. Така да јас не го прифаќам овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

(Деловнички бара збор пратеникот Стоиле Стојков).

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Со сиот мој респект према амандманот на членот пратениците Наќе Стојановски и Петре Трајановски, мислам дека ова Собрание односно продуктивноста на ова Собрание се претвори во еден вид непродуктивност. Зошто го велам ова? Имаме да се донесе еден важен закон, меѓутоа за мене е непоимливо како член на опозициона партија најповеќето амандмани да бидат поднесени од пратениците кои се членови на тоа парламентарно мнозинство. Со сиот тој респект кон поднесените амандмани особено кон поднесениот амандман од господинот Фаик Абди, меѓутоа, претходно би требало тоа парламентарно мнозинство односно она кое што ја подржува оваа коалициона влада, која што е предлагач на овој закон да се договри на кој начин ќе ги носат законите односно кои одредби ќе бидат во тие закони.

Во целата парламентарна западна демократија секогаш опозицијата е таа која реагира со амандмани, а во овој случај имаме би рекол така губеше време, еден замор на нас пратениците, а и оние кои што не следат кои што се заинтересирани со овој закон и не следа преку малите екрани мислам дека позицијата во други случаи би требало да се договори претходно, пред да настапи со некој предлог на закон како ќе биде текстот на овој закон за да нема недоразбирање. Овде гледаме една иста партија на пример од СДС има поддршка или негирање на одредени амандмани на другите членови кои ја прават таа коалиција односно тоа парламентарно мнозинство.

Ви велам затоа интересот на пратениците е толку слаб за работа по донесувањето на овој многу битен закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Стоиле Стојков искористи вообичаено, мислам деловничка забелешка, само што ова не е деловничка забелешка. Па

бидејќи зема плус минус, значи не може од опозицијата да има амандмани кога они не се произнеле.

Кој бара друг збор по амандманот.

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За гласаат 12 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 2 поднесен од пратениците Наќе Стојановски и Петре Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 3 и 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15, став 3 и 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за дополнување на нов член 15-а по членот 15 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам, кој бара збор?

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 1 и за додавање на нов во ставот 2 поднесен од пратеникот Шабан Превала.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа. Меѓутоа суштината на амандманот практично е содржана во интервенцијата на Владата што ја прави на членот 24 во врска со преземањето на надлежноста од агенцијата за развој, наспроти досегашното решение каде што Министерството за развој ја преземаше надлежноста и обврските на Фондот за развој, сега тоа се случува по формирањето на Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас сакам да ве потсетам дека знаевте начелно го поддржувам законот иако имав забелешки по однос на концептот, изразив мислење дека со тек на времето ќе се догради и ќе биде во функција на она што е наша определба како политика за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја. Меѓутоа, епилог на мојата дискусија сакав да биде тоа локацијата на агенцијата да биде поинаква,. Имено, јас предлагав со амандманот 1 кој исто така се дополнува со амандманот 2 односно измените на член 16 и измените на член 17 се однесуваат токму на тоа да го прифатиме концептот но сепак да остане оваа работа како носител на поттикнувањето на побрзиот развој да биде работа на самостојна, надпартиска и наднационална институција.

XII/1 ПЈ/ЛБ

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: продолжение

Оваа обврска на Републиката е уставна обврска, санкционирана со член 57 од Уставот, а која што е во групата на оние права и слободи на граѓаните, не е да кажеме некое обично право или обична грижа, туку специјална грижа на државата , дури со Устав санкциониран. Оттука мое мислење е дека не треба да ни биде на нас се исто дали таа работа ќе биде и ингеренција на државата, истовремено и остваруваше на државата. Јас ингеренцијата на државата, да ви кажам искрено, ја гледам во обезбедувањето наеотребни средства. А пак остварувањето на политиката ја издвојувам. Затоа, предлагам носител на остварувањето на оваа политика нека биде тоа агенција, не е проблем, но да биде како самостојна, надпартиска и наднационална институција надвор од Министерството за развој.

Произнесувајќи се за ова, истовремено би сакал да потсетам дека ние имаме и други делови на извршната власт кои што се самостојни. Ќе потсетам во оваа прилика ние имаме агенција за приватизација, како посебна институција. Имаме Народна банка на Македонија како монетарна власт што е издвоена од Владата. Според тоа не треба да робуваме на тоа се да биде концентрирано во Владата. Владата на нас нека ни обезбеди средства а оваа политика да се оствари преку посебна институција во која би имале влијание преку Управниот одбор и заинтересирани претставници на општини како и досега на некој начин таа работа остварувањето на политиката на побрз развој да биде, така да кажам, и општонародна односно да биде навистина и со влијание на граѓаните на РМ.

Еве и јас, произнесувајќи се за ова, истовремено сакам да кажам оваа агенција да има и Управен орган, управен одбор во кој што би членувале, освен претставници на Собранието , исто— времено и претставници на единиците на локалната самоуправа, заинтересирани за оваа политика.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор ?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за бришење на став 1 и за додавање нов став поднесен од пратеникот Шабан Превала.

Ги молам пратениците да не ја напуштаат салата за да не би биле доведени во состојба постојано да утврдуваме кворум а воедно би замолил ако може да ги завршиме овие две точки за да не би доаѓале утре цел ден.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Пратеникот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Мене ми се чини дека работата е јасна. Работно време е до 17 часот. Ние можеме да продолжиме под услов МТВ да го прекине преносот. Инаку, ние ќе излеземе.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Телевизијата во 17,15 го прекинува преносот. Но, тоа не значи дека ние мораме да престанеме да работиме ако телевизии не пренесува. Како да пишува дека секоја седница мора да се пренесува и дека е тоа во функција на работата на Собранието. Ако е тоа, мислам причината.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Еве и оттука имам предлог веднаш вие како претседателство да ја ставите на дневен ред точката од 53-та седница за работата на средствата за јавно информирање. Тие ако сакаат да пренесуваат оттука нека ги скратат тие емисии од спортот тоа што треба да ги скратат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Се извинувам, очигледно недоразбирање е . Информиран сум пред седницата дека телевизија ќе пренесува до 17,15 часот. По нивна шема е максимум до 17,15 часот. Меѓутоа тоа не е за нас обврска да мораме само до тогаш да работиме.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 16 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор? Пратеникот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што амандманите се истоветни, меѓутоа, поразработени во смисла на Предлог амандманот кој не беше усвоен од страна поднесен на пратеникот Шабан Превала, а што се однесува за концептот за функционирањето и организацијата на работа на Агенцијата за стопански недоволно развиените подрачја, предложените амандмани ги повлекувам, меѓутоа, сакам да укажам на Собранието дека доколку Собранието прифати аналогија, орган на управа да конституира со посебен закон според Законот за органите на управата тогаш овој кворум не одговара за донесувањето на тој закон, имајќи го предвид, пред се, членот 95, став 3, во кој сосема децидно е разработена постапката на донесувањето на законите од областа на организацијата и работата на органите на државната управа, кои се донесуваат само со двотретинско мнозинство на гласови.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Отворам претрес на амандманот на член 17, став 2 поднесен од пратеникот Шабан Превала. (го повлекува)

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23 поднесен од пратеникот Шабан Превала (го повлекува).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам пред да преминеме на гласање да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Кој е за, молам да крене рака?

За Предлогот на законот гласаа 52 пратеници.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласањето? (не)

Очигледно некој пратеници не се определуваат, не гласат.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

Минуваме на **точката 29** - Предлог на закон за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи.

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за земјоделство и шумарство, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Пратеникот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, во однос на овој Закон за посебни давачки при увоз на земјоделски прехранбени производи, моето залагање не се однесува при увоз да се плаќаат посебни давачки на земјоделски производи, заради заштита. Не е спорна заштитата на домашните земјоделски производи. Дилеми не треба да има на тој план.

XII/5.-

На пазарот на земјоделски производи понудата на одредени видови на земјоделски производи ја обезбедуваат голем број индивидуални земјоделски производители и не е можно создавање на монополско однесување, ограничување слободата на пазарот, покачување на цените итн. Не се создаваат негативни тенденции и затоа за овој дел од Законот, навистина, не треба да постојат некакви забелешки.

Меѓутоа, моите забелешки се однесуваат по однос на посебните давачки при увоз на прехранбени производи. Мислам дека предложените мерки ќе предизвикаат повеќе негативни последици. Ќе спомнам само некои од нив, доколку вака се прифати Законот. доколку се прифати, нагласувам ќе се врши ограничување и укинување на слободниот пазар на прехранбени производи односно елиминирање елиминирање елиминирање на пазарниот начин на стопанисување во областа на прехранбените производи. Ќе уследи губење на суверенитетот на потрошувачот што не треба да го дозволиме. Ќе уследи елиминирање на конкуренцијата, нарушување на рамнотежата на цените на пазарот на прехранбени производи и создавање на монополско однесување на пазарот на прехранбени производи. Појавата на корупција на државните органи ќе претставува една од најтешките последици што ќе се појави по усвојувањето на овој Закон. Развојот на приватниот капитал ќе биде крајно девалвиран и сметам дека сето тоа заедно, сите тие последици кои што ќе произлезат од овој Закон, ќе претставува невиден атак врз егзистенцијата на луѓето и на натамошната дестабилизација на стопанството воопшто. Чувствував за потреба со неколку зборови да се осврнам на овие несакани последици. Прво, како што реков неприфатливо е ограничувањето и укинувањето на слободата на пазарот. Како што знаеме темелно обележје на слободниот пазар на слободата на пазарот се цените. Самиот пазар треба да ги одредува цените врз основа на понудата и побарувачката според Законот на

слободната конкуренција. Сега таа улога на пазарот со овој Закон ја презема државата со воведување на посебните давачки при увоз на прехранбени производи. Владата тоа го прави со определувањето на посебната давачка како разлика меѓу увозната цена зголемена со царината и другите увозни давачки и просечната цена на домашниот пазар. На тој начин Владата најдиректно се меша во пазарот и влијае врз движењето на цената на домашниот пазар, како што стои и во текстот на законот. Тоа е во спротивност со улогата на државата на пазарно стопанство, се укинува слободата на пазарот, се елиминира пазарниот начин на стопанисување, што секако не е добро ни за државата, ни за потрошувачите, ни за Владата.

Во однос на конкуренцијата и монополот и монополското однесување, сакам да го кажам следното.

Ако го анализираме пазарот на прехранбени производи во Македонија, ќе констатираме дека тоа е доста мал и доста специфичен во однос на другите земји и во однос на другите пазари, да не ги спомнуваме тука не може да стане споредба во однос на еден пазар како што претставува Германскиот, Италијанскиот или Американскиот. Во Македонија за поголем вид на прехранбени производи постојат само еден или два производители. Тука конкуренцијата може да се обезбеди само преку увоз на прехранбени производи, а сега со овој закон токму тоа се спречува, се ограничува. Целта на давачките е да се дејствува дестимулативно врз увозниците на прехранбени производи и да не оневозможи конкуренцијата. На тој начин се создава простор за монополско однесување, што е спротивно на Уставот.

Цените на прехранбените производи ќе се зголемат, што е исто така спротивно на интересите на потрошувачите односно на граѓаните.

Во однос на третата забелешка губењето на суверенитетот н а потрошувачите, ќе го истакнам следното. Како што сите знаеме

пазарното стопанство е засновано врз фундаменталниот принцип врз слободата н а поединесто, слободата како потрошувач да избира меѓу конкурентните производи и услуги. Наспроти тоа, наспроти тој суверенитет на потрошувачот да бира, слободно да бира, на слободниот пазар со овој Закон се создава суверенитет на производителот, наместо како што реков суверенитет на потрошувачот. Потрошувачот се става во подредена улога што е спротивно на механизмот на пазарот и правата на потрошувачот. На тој начин потрошувачот е доведен во ситуација да не може да бира, да не може слободно да се однесува на пазарот во однос на избор на конкурентни производи, туку таа негова слобода во овој случај е заменета со заштита на производителот односно тој е доведен во ситуација да купува тоа што производителот ќе му нуди.

Во однос на корупцијата, што како последица од овој Закон ќе произлезе сметам да го кажам следното. Во текстот на законот се вели дека на Предлог на наведените министерства Владата ќе ги определува прехранбените производи за кои при увозот, претпријатијата ќе плаќаат посебна давачка, а тоа значи дека прецизно мерило според кое ќе се огледува за кои производи ќе се плака увоз на давачка, не постои односно тоа прецизно мерило не се наведува. Се објаснува дека при определувањето на прехранбени производи Владата тргнува од потребат аза заштита н а домашното производство, понудата и побарувачка на тие производи и влијанието на странските цени. Според ова објаснување речиси секое производство може да се прикаже како загрозено и да се побара воведување на посебни давачки.- Значи, Одлуката зависи од волјата на Владата и расположениeто на администрацијата во соодветните министерства.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Тие се тие кои со воведувањето на давачките ќе го ограничам увозот и конкуренцијата. Производителот ќе се доведе во монополска положба и на основа на тоа ќе се заработуваат високи заработувачки и профити. На тој начин Владата и производителот станувaат партнери, а тоа и досега така се случуваше,Владата ја отстранува конкуренцијата производителот врз основа на таа привилегија прави високи профити, а сето тоа, тоа партнерство помеѓу производителот и владата на Запад се нарекува класична корупција. Токму тоа ќе го имаме со прифаќањето овој Закон. Сето тоа е крајно лоша слика што не треба да ја дозволиме и не треба да се прави посебно во овој момент кога сакаме да се претставиме пред Светската банка и ММФ.

Што се однесува до приватниот капитал и до претприемништво сакам да истакнам дека и тука ќе се случат негативни последици. Познато е дека трговијата со прехранбени производи е дејност каде што се вложени огромни приватни средства, приватен капитал, посебно В9 изградба магацини и посебен деловен простор, во продавници, транспортни возила, изградба и опремување на угостителски објекти итн.

Приватните лица се одлучуваат на такви инвестициони чекори со убедување дека ќе можат да набават и понудат поквалитетни и поевтини прехранбени производи од увоз и на тој начин да ги привлечат купувачите. Во таа насока државата овозможи слободен увоз на производи и навистина затоа од страна на приватниот капитал, на приватниците се овозможи да вложат сопствени средства.

И при една таква ситуација. сега што се случува? Откако граѓаните, како што сите знаеме, ги вложија своите пари и се задолжија, државата сега го ограничува и отежнува увозот, односно ги отежнува условите на работењето.

Дали Владата така сака со овие луѓе да си поигра на начин како што си поигра со девизните штедачи?

Навистина, тоа е една сериозна состојба за која треба да се размислува.

На крајот, најтешките последици, според моето видување од овој закон ќе паднат врз егзистенцијата на граѓаните. Во Македонија, најверојатно, ќе се случи нешто што ќе претставува единстве!нпример во историјата на економското работење каде Владата вештачки ќе ги држи цените на прехранбените производ да бидат повисоки. Се разбира, преку воведување на посебни давачки за израмнување на висината на цените на увозните производи, на ниво на цените на производите од домашното производство што се далеку повисоки. Тоа се случува во услови кога платите се замрзнуваат и се доста ниски.

Од тие причини мислам дека донесувањето на овој закон за посебни давачки ан прехранбени производи претставува атак врз егзистенцијата на луѓето и нешто што до сега е невидено.

Од тие причини доколку нема промена во овој закон, заштита само на земјоделците, на земјоделските производи, а не и на прехранбените производи, овој закон сметам дека е неприфатлив, неуставен пред се и од тие причини мислам дека треба да претрпи корекции во таа смисла на која што укажав во ова излагање.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас прво жалам што ваков закон не е донесен порано. Имам дијаметрално спротивно мислење од она што го зборува колегата Драги Арсов. Секоја современа држава прво мислам дека води с/ка за производството храна како и за задоволување на сопствените потреби, така за создавање извозни можности.

XIII/3

Нашата држава ќе кажам тоа дека по мое длабоко убедување може и мора да произведува доволно квалитетна и здрава храна што впрочем почвено - климатските услови одговараат. Мислам дека ние мораме да признаеме или не, независно од ставот на поединци дека сепак сме аграрна земја и дека производството на квалитетна храна ќе остане и понатаму една од нашите императивни задачи.

Можеби во овој момент не сме во состојба да произведеме доволна количина пченица затоа што потребите се повеќе отколку што може или пченка. Место тие 250 илјади потребни тони пченка или 400 или повеќе илјади пченица ние произведува помала количина. Тоа значи дека не можеме да ги задоволиме потребите 100%, меѓутоа треба да ги направиме сите можни алтернативи да го заштитиме нашето производство што се јавува кај нас како нужност.

За жал, кога го зборувам ова, за земјоделството и сега не се посветува соодветно внимание и состојбата околу храната е таква, не само што не извезуваме, а би требало барем дел од одредени производи да извеземе, туку имаме неконтролиран наплив на одредена храна која што не само што е од сомнителен карактер, туку може да биде и штртна по здравјето на луѓето. Од тој аспект сметам дека мора да постои еден контролиран увоз на одредени прехранбени артикли. Тоа е едната димензија.

Втората димензија е навистина, извозот на земјоделските производи е хаотичен, да не речам во катастрофална состојба. Не сме во состојба да го организираме и извеземе вишокот на земјоделски производи како што е, што се јавува како производни вишоци. Тоа е пред се јаболкото, тоа е пред се грозјето, тоа е пред се оризот, тоа е пред се зеленчукот итн. Мислам дека .на тој план РМ за тој  производен вишок

мора да се организира подобро затоа што тука лежат одредени девизни резерви. Само за илустрација колку кај на има неконтролиран напив на одредени дури и на репроматеријали јас ќе ви кажам само еден пример во врска со напливот на овошни насади што се од сомнителен карактер. Скоро секое село во Преспа е преплавено со овошни насади од Србија што се или заболени или пак место да бидат овошки што треба да дадат зимски плодови, даваат летни плодови. Тоа се непроверени. Мислам дека на тој план треба Министерството да води с/ка.

Знам дека трпението е на крај, но само уште неколку зборови во врска со овој закон а што можеше да биде дополнет со одредени извозни можности, најверојатно тоа ќе биде со новиот проект. Мора да се свати дека да се отстрани склоност на домашниот пазар да ги задоволува сечиите интереси. Мораме да го динамизираме извозот. Мораме извозот да го сфатиме како форма на пласирање токму на оние производни вишоци за кои јас зборував. Меѓутоа, не само унилатерален односно не извозот да биде монокултурен. Не само да имаме извоз на тутун. Напротив, треба да имаме мултипliцинарен извоз на повеќе производи од овие што јас ги кажувам како производни вишоци.

И на крајот, гледам дека трпението е при крај да кажам само тоа дека само со динамизирање на извозните текови ќе можеме да излеземе од економска криза, а не да чекаме на кредити што само ќе го загорчат, ќе не заборчат, а борчот мора некој да го плати. Во овој момент, сега, само господ SHAB кој.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Симон Наумовски поднесе амандман за менување на член 2, за менување на редоследот на член 7 и член 8 и за менување на член 8 по кој Владата не е произнесена. Пратеникот Драги Арсов поднесе амандман на насловот и на целиот текст на законот да се бришат зборовите "прехранбени", по кои Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на насловот и по целиот текст на законот да се брише зборот "прехранбени" поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор бара пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Морам овде да констатирам дека претходниот пратеник г-динот Гоце навистина некои работи испомеша. Дали доволно не ме слушал или не сака работата да ја разбере.

Ако зборува овде и ги спомнува тие производи со сомнително потекло, тука ги спомна и производите од Србија што обично на македонскиот пазар се пласираат по дампиншки цени. Тој проблем се решава на друг начин, не се решава со овој закон. За дампинг постојат други мерки, а не сега поради дампинг цените од некоја друга Република

да го спречуваме пласманот на прехранбените производи од цела Европа и од сите други пазари. Постојат други контра мерки во таквите случаи.

Со овој амандман со кој што при увозот претпријатијата и други приватни лица, заради заштита на домашното производство и обезбедување стабилност на пазарот да плаќаат посебни давачки, како што инсистирам со овој амандман да се однесува само на земјоделски производи,а не и на прехранбени производи, ќе го истакнам следново, како што реков со оваа ситуација, ако така остане како што се предлага од страна на Владата ние ќе овозможиме во нашава Република одделни производители на прехранбени производи да се здобијат со монополна ситуација и да немаат никаква конкуренција. Со таквата монополна ситуација се ограничува слободата на пазарот. Јас за тоа зборувам. Се ограничува слободата на пазарот и претприемништвото, што е спротивно на Уставот на РМ, односно на членот 55 став 1 и 2 во кои се зборува против монополската положба е моноплското однесување на пазарот. Имено, еве, сите го имаме Уставот овде, тоа можеме да го провериме, според Уставот се предвидува дека слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбрана на Републиката, заради зачувување на природата, животната средина или здравјето на луѓето. Ниту еден од овие фактори наведени во Уставот не претставуваат причина според која овој закон треба да се донесе. Такви причини и таков повод не постојат. Тоа можеме д го провериме навистина во Уставот и покрај тоа не е наведено ништо повеќе.

Ако е така, навистина и натаму ќе дозволиме Владата да постапува спротивно на Уставот, со укинување на слободата на конкуренцијата. На

тој начин овој пат не дозволуваме а со тоа имаме кршење на Уставот ако прифатиме една таква законска одредба со која при која прибегнува Владата односно ја приграбува разликата помеѓу увозната цена зголемена со царината и другите увозни давачки и просечната цена на пазарот што се формира. Тоа ништо не претставува освен заштита на нерентабилни, неквалитетни скапи домашни производи и посебно на прехранбените производи. Да не го опомнувам овде чоколадото кое никогаш не може да биде за нашите потрошувачи конкурентно на оние што ги увезуваме, затоа што тоа е заштитено, не стимулирано, посебно производителот е нестимулиран да конкурира на странскиот производител. Сега го доведуваме пред свршен чин потрошувачот да купува неквалитетна стока и скапа и на тој начин да го ограничуваме неговиот избор.

Да не зборувам дека со овој закон се наоѓа на удар приватниот капитал, бидејќи со овој закон, овој пат со плаќањето на разликата увозот, со таа давачка тој е нестимулиран и на извесен начин не може да остварува никаква заработувачка. На тој начин се доведува пред банкрот. Ние не треба да заборавиме дека од страна на приватниците се вложени значителни средства.

Од тие причини сметам дека овој амандман треба да се прифати затоа што Владата не треба и понатаму да се доведува во таква положба да го крши Уставот. Знаеме дека тоа не е прв пат, такви кршења на Уставот од страна на Владата има повеќе. За тоа говорат одлуките на Уставниот суд. Навистина, по ова прашање кога станува збор за овој уставен член што се однесува на слободата на пазарот, треба да се произнесе и претставникот на Владата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака. (6 пратеници)

Бидејќи за амандманот гласаа 6 пратеници, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот и во целиот текст на законот да се бришат зборовите "и прехранбени", поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 под- несен од пратеникот Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2, поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на редоследот на член 7 и член 8, поднесен од пратеникот Симон, Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? За амандманот гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на редоследот на член 7 и член 8, поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот, и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

За предлогот на законот гласаа 54 пратеници, против нема, 7 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за посебни давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производни.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 17,50 часот.